# САМОЕВАЛУАЦИЈА

# 2021 – 2023 год.

ООУ "Браќа Миладиновци"

19 53

Куманово

Согласно член 129 од ЗОО (Сл.весник на РСМ бр.161/19 , 229/20 од 2019 година) во училиштето од мај до јуни 2023 година е изработена Самоевалуација за реализација на програмите за последните две учебни години и тоа: 2021/2022 и 2022/2023 година. Во спроведувањето на самоевалуацијата беа вклучени наставниците, стручните соработници, директорот, библиотекарот и секретарот.

Од страна на директорот стручните соработници, за време на Наставничкиот совет, на наставниците им беа поделени во 7 тима и задачите им беа поделени согласно Индикаторите за самоевалуација. Членовите од комисијата за самоевалуација ја координираа целокупната работа за изработка на самоевалуацијата, соработуваа со сите тимови со консултации во групи и индивидуално, им даваа напатствија за работа, им пружаа помош во документациајата, изворите на податоци, методите за собирање на информации и учествуваа во одредени активности по подрачја. Директорот и помошник директорот соработуваше со тимовите и им ја пружаше потребната помош. Наставниците работеа тимски и индивидуално и за своите активности водеа записници.

## Воведен дел

1. Лична карта на училиштето
2. Мисија и визија на училиштето
3. Локално и регионало окружување
4. Податоци за ученици
5. Опис на процедурите според кои се спроведува самоевалуацијата
6. Цел на самоевалуацијата
7. Заклучок

## 1. Лична карта на училиштето

| *Податоци* | |
|---|---|
| **Име на основното училиште** | ООУ „Браќа Миладиновци “ Куманово |
| **Адреса , место , општина** | ул.Народна Револуција бр.43 Куманово |
| **Телефон** | 075 210 548 |
| **Факс** | |
| **Веб - страна** | http://oubm.edu.mk/ |
| **Е - маил** | ou-brakjamiladinovci-kumanovo@schools.mk |
| **Основано од** | 1953 |
| **Број на акт за верификација** | 10-1029/3 |
| **Година на изградба** | 1930 |
| **Тип на градба** | Цврста градба |
| **Внатрешна површина на училиштето** | ЦУ – 4362 $m^2$; ПП -1087 $m^2$; Соколана 1025 $m^2$; ПУс.Пчиња-239 $m^2$; ПУс.Ст.Бара-96 $m^2$ |
| **Училишен двор** | ЦУ-2500 $m^2$; Соколана -700 $m^2$; ПП -600 $m^2$; с.Пчиња-1313 $m^2$; с.Ст.Бара-3612 $m^2$ |
| **Површина на спортиски терени и игралишта** | Ц.У.-1100 $m^2$; с.Пчиња-600 $m^2$; |
| **Начин на загревање на училиштето** | Централно со гас, подрачни со дрво, нафта и пелети |
| **Училиштето работи во смени** | да |
| **Број на паралелки** | 65 |
| **Број на комбинирани паралелки** | 2 |
| **Јазик на кој се реализиа наставата во училиштето** | Македонски јазик |
| **Паралелки за ученици со посебни образовни потреби** | да |
| **Паралелки од музичкото училиште** | не |
| **Во основното училиште има ресурсен центар** | не |
| **Други податоци карактеристични за училиштето** | Еднинствено училиште во Североисточен регион во кој има 9 паралелки со ученици со посебни образовни потреби кој претставува центар за поддршка. |

## 2. Мисија и визија на училиштето

*Мисија на училиштето*:

"Училиште во кое се создава позитивна, стимулативна клима, преку квалитетно образование и подобрени услови за работа при тоа негувајќи ги индивидуалните способности и почитувајќи ги разликите."




*Визија на училиштето:*

" Училиште кое обезбедува еднакви можности за стекнување на применливи знаења и вредности, за ученици од различни етникуми, оспособени за вклучување во мултиетничко општество."

## 3. Локално и регионалано окружување



## 4. Податоци за ученици

### Податоци за вкупен број на ученици

| Одд. | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и полова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Срби | | Турци | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **I** | 8 | 132 | 60 | 64 | 1 | 4 | | | 0 | 3 | 0 | 0 |
| **II** | 7 | 134 | 56 | 52 | 7 | 3 | | | 7 | 6 | 0 | 3 |
| **III** | 7 | 177 | 77 | 76 | 7 | 4 | | | 4 | 5 | 2 | 2 |
| **IV** | 8 | 152 | 76 | 61 | 1 | 2 | | | 4 | 3 | 0 | 5 |
| **V** | 7 | 149 | 73 | 61 | 1 | 3 | | | 7 | 2 | 1 | 1 |
| **I - V** | 37 | 744 | 342 | 314 | 17 | 16 | | | 22 | 19 | 3 | 11 |
| **VI** | 7 | 119 | 62 | 45 | 0 | 5 | | | 3 | 1 | 0 | 3 |
| **VII** | 7 | 140 | 63 | 57 | 5 | 6 | | | 6 | 3 | 0 | 0 |
| **VIII** | 7 | 145 | 67 | 56 | 6 | 9 | | | 4 | 2 | 0 | 1 |
| **IX** | 7 | 127 | 59 | 50 | 7 | 2 | | | 5 | 3 | 1 | 0 |
| **VI - IX** | 28 | 531 | 251 | 208 | 18 | 22 | | | 18 | 9 | 1 | 4 |
| **I - IX** | 65 | 1275 | 593 | 522 | 35 | 38 | | | 40 | 28 | 4 | 15 |

## 5. Опис на процедурите според кои се спроведува самоевалуацијата

*Шематски приказ на процесот на самоевалуација*



## 6. Цел на самоевалуацијата

Самоевалуацијата на училиштето е процес на систематско и континуирано следење, анализирање и вреднување на оствареното со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето. Во постапката на самоевалуацијата на училиштето се бара одговор на три клучни прашања:

- ✓ *Колку е добро нашето училиште?*
- ✓ *Како го знаеме тоа?*
- ✓ *Што може да направиме да бидеме подобри?*

Одговорите на овие прашања мора да се темелат на објективни и релевантни податоци како и на реални увиди во функционирањето на училиштето

*Цели на самоевалуација*

- ✓ Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата.
- ✓ Ефективно и ефикасно раководење на директорот со училиштето.
- ✓ Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти : директор, стручни соработници, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно-образовниот систем.
- ✓ Обезбедува поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето.
- ✓ Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати.
- ✓ Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување.
- ✓ Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето.
- ✓ Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на образовно-воспитниот процес во училиштето.
- ✓ Процесот на самоевалуација е комплексен, тој е составен од повеќе фази и активности со примена на различни методи и техники со цел создавање единствени критериуми

## *Очекувани резултати*

- ✓ Реализацијата на самоевалуацијата секогаш ќе резултира со спојување на индикаторите од сопствената проценка на квалитетот, со потребата за унапредувања на квалитетот на наставата на ниво на училиштето;
- ✓ Самоевалуацијата ја поттикнува меѓуколегијалната педагошко-психолошка расправа за важноста во подобрувањето на воспитно-образовниот квалитет во поучувањето;
- ✓ Податоците ќе му помогнат на училиштето да изврши самоанализа на сопственото делување, а со тоа ја проценува опствената предност пред другите или недостатоците за усогласување и градење на тимската работа во наставниот процес;
- ✓ Самоевалуацијата ја поттикнува мотивацијата и кај наставниците и кај учениците;

## *Внатрешна градба на самоевалуација*

Самоевалуацијата е основен двигател на наставниот процес во функција на доживотното учење и унапредување на квалитетот на образовните постапки на кадарот во училиштето. Самоевалуацијата е важна бидејќи ги дефинира активностите со цел да изврши praveнување на моменталната состојба кон посакуваната цел за подобрување на квалитетот на наставата.

## *Самоевалуацијата е важна бидејки:*

- ✓ Воспоставува подобри основи за навремено планирање и обезбедување на финансиски средства.
- ✓ Ги развива способностите за поставување на цели и усогласување на ресурсите со можностите.
- ✓ Ги открива слабите и јаките страни.
- ✓ Ги идентификува факторите кои влијаат на забавувањето и стратегиите за подобрување на квалитетот во наставата (важноста и значењето на самоевалуацијата).
- ✓ Целта на евалуацијата претставува модификација, усовршување, унапредување на практиката.
- ✓ Евалуацијата претставува основа за интервенција, акција – акционен план и програма за развој
- ✓ Сознанијата до кои се доаѓа со евалуацијата имаат улога на коректор на планирањето и реализацијата на понатамошните активности.

*Тим за самоевалуација*

| *Група* | *Подрачје* | *Име и презиме* |
|---|---|---|
| I | Организација и реализација на наставата и учењето | Билјана Стоилковска<br>Анета Давидовска Станојковска<br>Милена Михајловска |
| II | Постигања на учениците | Соња Поповиќ<br>Бојан Дамњановски<br>Валентина Јанева |
| III | Професиононален развој на наставниците, стручните соработници и раководиниот кадар | Гордана Зец<br>Вердијана Лазовска |
| IV | Управување и раководење | Елена Марковска<br>Гордана Јовановска<br>Валентина Павловска |
| V | Комуникации и односи со јавноста | Милена Илиќ Пешиќ<br>Снежана Крстевска |
| VI | Училишна клима и култура | Дафина Јосимовска<br>Гоце Кстевски<br>Ивана Димковски |
| VII | Соработка со родителите и локаланта средина | Марија Спасовска<br>Бранкица Лититарова<br>Зоран Стефановски |

## Подрачје I Организација и реализација на наставата и учењето

| Подрачје 1 | Индикатори на квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 1.1 | Реализација на наставните планови и програми | Применувани наставни планови и програми<br>Информираност на учениците и родителите за наставните планови и програми<br>Приспособување на наставните програми на деца со посебни протреби<br>Избор на наставни предмети<br>Планирање на активности за реализација на слободни часови/проктните активности на училиштето<br>Реализација на проширени програми |
| 1.2 | Квалитет на наставните планови и програми | Родова и етничка рамноправност и мултикултуран сензитивност во наставните програми и учебни помагала<br>Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието<br>Влијание на наставните, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми |
| 1.3 | Воннаставни активности | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>Опфатеност на учениците во воннаставни активности<br>Вклиученост на ученицте во избор и планирањето на работата во воннаставните активности |

| | | |
|---|---|---|
| | | Афирмирање на учениците и на училиштето преку вонnаставни активности |
| 1.4 | Планирање на наставниците | Подршка и следење на планирањата на наставниците<br>Индивидуални планирања на наставниците<br>Размена на искуства и информации при планирањето<br>Распоред на часови |
| 1.5 | Наставен процес | Наставни форми и методи<br>Избор на задачи, активности и ресурси<br>Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>Приод на наставниците кон учениците<br>Следење на наставниот процес |
| 1.6 | Искуства на учениците од учењето | Средина за учење<br>Атмосфера за учење<br>Потикнување на учениците за превземање на одговорност<br>Интеракција на учениците меѓусебе и со возрасните во училиштето |
| 1.7 | Задоволување на потребите на учениците | Идентификување на образовни потреби на учениците<br>Почитување на образовни потреби на учениците |
| 1.8 | Оценувањето како дел од наставата | Училишна политика за оценување<br>Методи и форми на оценување<br>Користе на информации од оценувањето во наставата |
| 1.9 | Сместување и просторни капацитети | Просторни услови<br>Искористеност на просторните капацитети |
| 1.10 | Наставни средства и материјали | Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>Училишна библиотека<br>Потрошен матријал |

| *Теми* | *Констатации, собрани податоци* | *Извори на податоци* |
|---|---|---|
| Применувани наставни планови и програми | **Реализација на наставните планови и програми**<br>- Наставниците во училиштето изготвуваат и работат според наставни планови и програми во согласност со наставните планови и програми изготвени од БРО, а одобрени од МОН. Континуирано се следат иновациите во наставата и се имплементираат во наставните програми.<br>- Во документите за наставни програми постојат упатства и прирачници за реализација на наставната програма за одредени предмети како на пример: Прирачник за изведување настава по техничко образование и наука и информатика за IV одделение во учебната 2021/22 година; Прирачник со дидактички насоки за наставниот материјал за реализација на наставата по македонски јазик за V одделение во учебната 2021/22 година и водич за ученици по предметот македонски јазик за V одделение.<br>- Во учебната 2021-22 година наставниците од I и IV одделение реализираа настава според новата концепција за основно образование со решение број:08-3980/1 од 3.03.2021 год донесена од МОН , нов наставен план и нови наставни програми по предметите кои се изучуваат во I и IV одделение донесени од БРО и МОН.<br>- Во учебната 2022-23 година наставниците од II и V одделение реализираат настава според новата концепција за основно образование со решение број:08-3980/1 од 3.03.2021 год донесена од МОН , нов наставен план и нови наставни програми по предметите кои се изучуваат во II и V одделение донесени од БРО и МОН.<br>-Наставата по физичко и здравствено образование во I, II,III и IV одделение ја реализира предметен наставник во тандем со одделенскиот раководител.<br>-По наставните предмети математика, природни науки, физика, хемија и биологија наставата се релизира според превземените и одобрени програми од Меѓународниот центар за наставни програми (CambridgeInternational Examination Centre), кои се адаптирани од страна на БРО и утврдени од МОН. Содржините во поголемиот број наставни програм и овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и ги вклучуваат точките на акција од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошки теми. | -Наставни планови и програми дадени од МОН<br><br>-Годишната програма за работа на училиштето<br><br>-Планирања на наставници<br><br>- Педагошката евиденција и документација<br><br>- Годишна програма за работа на училиштето<br><br>-Годишен извештај за работа на училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| | -Според наставниот план наставниците во училиштето изведуваат настава по задолжителни предмети,изборни предмети, дополнителна и додатна настава и воннаставни активности<br>- Наставните планови и програми доставени од Министерството за образование – Бирото за развој на образованието им се достапни на сите наставници (на веб страната од БРО), а наставниците редовно се запознаваат со измените и дополнувањата на наставниот план доколку ги има пред почетокот на неговата примена.<br>-Врз основа на наставните планови и програми, наставниците пред почетокот на секоја учебна година изработуваат годишни и тематски планирања по сите наставни предмети (задолжителни и изборни).Истите најдоцна до 15 септември ги предаваат кај педагогот на училиштето во електронска форма.Прегледот покажа дека сите се наменски изработени конкретно за тековна учебна година.<br>-При изработката на наставните и други програми наставниците од одделенска настава работат тимски и прават заеднички планирања по одделенија и наставни предмети. Наставниците од предметна настава работат тимски кога различни наставници предаваат ист предмет.<br>-Пред почетокот на секоја учебна година, училиштето изработува Годишна програма во која ги планира севкупните активности за реализација на наставните планови и програми, како и за реализација на воннаставните активности. Во Годишната програма се дадени и приоритетни задачи за работа на училиштето кои произлегуваат од долгорочните цели дадени во Развојниот план на училиштето.<br>-Одделенските раководители во предметна настава за часот на одделенската заедница и наставниците од второ до петто одделение работат според програмата „Животни вештини“. Ова програма во прво одделение се планира и реализира во рамките на редовните предмети.<br>-Сите наставници планираат и реализираат дополнителна и додатна настава во училиштето, за која е изработен и истакнат распоред, а истиот се доставува до Државен просветен инспекторат до 20 септември за тековна учебна година.<br>-Сите наставници вршат интегрирано планирање за содржини од проектот: „Интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем“. Имаат интегрирани часови од МИО во зависност на наставниот предмет. Планираат и користење на ИКТ во наставата и изработка на домашни задачи. | |

<table>
<tr>
<td>Информираност на учениците и родителите за наставните планови и програми</td>
<td>-Секој наставник ги запознава учениците со наставниот план и програма за наставните предмети што ги предава, а родителите се запознаени со истите на првите родителски средби. За реализација на наставните планови и програми родителите се информираат и на состаноците на Советот на родители.<br>-Најголем дел од родителите и ученици се изјасниле дека се информирани за наставните планови и програми на почетокот на учебната година. Исто така и наставниците се изјасниле дека родителите и учениците ги информираат на почетокот на учебната година за наставните содржини.<br>Табеларен приказ од анкета<br>
<table>
<tr><th></th><th>Да</th><th>Не</th></tr>
<tr><td>наставници</td><td>99 %</td><td>1%</td></tr>
<tr><td>родители</td><td>92%</td><td>8%</td></tr>
<tr><td>ученици</td><td>84%</td><td>16 %</td></tr>
</table>
</td>
<td>-Записници од Совет на родители, родителски состаноци<br><br>-Спроведени анкети на наставници, ученици и родители</td>
</tr>
<tr>
<td>Приспособување на наставните програми на деца со посебни протреби</td>
<td>Во состав на училштето работи Центар за подршка со паралелки за ученици со посебни образовни потреби.<br>Вработените дефектолози работат по наставни планови и програми пропишани од МОН. Во центарот работи и логопед со учениците кои имаат потреба од логопедски третман.<br>Во училиштето е формиран Училишен инклузивен тим во кој членуваат:директор, дефектолог, педагог ,психолог, 2 наставници и родител. Членовите на инклузивниот тим посетија обуки за инклузија на ученици.<br>Се формира и иклузивниот тим за ученикот за кој има добиено мислење од МКФ. Тимот изработува и ИОП (индивидуален образовен план) за работа со деца со посебни образовни потреби и истиот го следи напредокот на ученикот. На овие ученици им се посветува посебно внимание од страна на сите наставници, психолог, педагог и специјален едукатор и рехабилитатор.<br>Од анкетираните наставници 93 % изработуваат ИОП за ученици со посебни образовни потреби.</td>
<td>-Програма за работа на улилишниот инклузивен тим<br><br>-Програма за работа на дефектолог, педагог и психолог<br><br>-Изготвени ИОП за ученици<br><br>-Планирања на наставници<br><br>-Анкетен прашалник за наставници</td>
</tr>
<tr>
<td>Избор на наставни предмети</td>
<td>-Училиштето нуди избор на повеќе од три изборни наставни предмети според наставниот план и програма добиени од МОН. Преку претходно изготвени анкетни прашалници учениците вршат избор на еден изборен</td>
<td>-Анкетен прашалник</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | предмет од листата со повеќе понудени изборни предмети. Секој изборен предмет влегува во наставата, доколку може да се формира наставна група. На учениците од етничките заедници им се понудува избор на нивниот мајчин јазик. Досега се изучува само ромска јазик како втор изборен предмет. Поголем број од родителите и мал дел на учениците сметат дека постапката за избор на изборни наставни предмети се применува во целост со доследно почитување на потребите и барањата на учениците.<br>Табеларен приказ од анкета<br><table><tr><th></th><th>Да</th><th>Не</th></tr><tr><td>родители</td><td>80 %</td><td>20%</td></tr><tr><td>ученици</td><td>38%</td><td>62 %</td></tr></table> | -Постапка за избор на изборни предмети |
| Планирање на активности за реализација на слободни | Проектните активности во училиштето се разновидни и сеопфатни. Училиштето нуди програми од разни области во рамките на слободните часови.<br>Интересите и желбите на учениците за проширување на знаењата, развивање на талент, училиштето ги задоволува во рамките на своите можности. За таа цел во училиштето се реализираат повеќе проектни активности од кои посебно внимание се дава на развивање на еколошката свест и безбедност на учениците. Наставниците индивидуално работат со оние ученици кои покажуваат посебен интерес кон одредени предмети на часови на додатна настава. Вклучени се поголем број на ученици во реализација на еколошки проекти според однапред изготвен План на активности. Вклучени се ученици и во проектот безбедни училишта. Формирани се тимови на ученици од одделенска заедница, избрани се одговорни наставници и родители по генерации. Одредени активности се реализираат и преку одделенските часови.<br>Во Годишната програма се планирани одбележување на значајни еколошки денови во одделенска и предметна настава. Во училиштето се формирани еколошки патроли кои реализираат еколошки активности. Сите наставници имаат предвидени содржини од екологија во своите тематски планирања и ги реализираат според предвидената динамика вклучувајќи ги сите девет теми. | -Годишна програма на училиштето<br><br>-Извештаи од реализирани активности, фотографии<br><br>- Планирања на наставници |
| Реализација на проширени програми | Проширена програма се реализира со учениците од прво до трето одделение и опфаќа прифаќање на учениците, дружење, дополнителни информации за домашни задачи, средби со родители, игра и друго. | Проширени програми |

| | | |
|---|---|---|
| Родова и етничка рамноправност и мултикултуран сензитивност во наставните програми и учебни помагала | **Квалитет на наставните планови и програми**<br>Наставните планови и програми го помогаат личниот и општествениот развој на ученици од различно етничко потекло преку еднаква полова и етничка застапеност преку реализирање на содржините од образование на Животни вештини. Реализација на одредени теми се одвива на одделенскиот час, потоа преку реализација на програмата за меѓуетничка интеграција и преку соработка со педагошко-психолошката служба.<br>Темите кои се изучуваат на оваа возраст се обработуаат како разговори, дебати и дискусии. На овој начин учениците искуствено ќе научат да ги почитуваат разликите без предрасуди и омаловажување на соговорникот и ќе ги надминат етничките стереотипи. | -Годишни, тематски и дневни планирања на наставници<br>-Годишна програма на училиштето |
| Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала | Постојат примери за интегрирање на особености на локалната средина од одреден дел на Наставни програми и наставните помагала. Во одреден дел од Наставните планови и програми се интегрирани содржини и особености од локалната средина. Училиштето е отворено за подобрување на учењето преку иновирање за сите предмети од одделенска и предметна настава во однос на стандардите во оценувањето и водење на електронска документација.<br>Реализацијата на овие интеграции се врши со :<br>-Посета на изложби и музеи;<br>-Посета на јавни институции;<br>-Посета на општината и нејзините простории;<br>-Соработка со МВР – преку реализирање на активности во рамки на проектот за безбедни училишта;<br>-Еднодневни излет<br>-Екскурзии.<br>Сите овие активности придонесуваат за да можат учениците пoсликовито да ги осознаат новите содржини и поими кои се сретнуваат во наставни планови и програми и за остварување на поставените образовни цели. | -Програми на наставници<br>-Годишна програма на училиште |
| Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието | Наставниците во училиштето имаат интегрирано меѓупредметни цели во своите планирања, а интегрирањето на целите од екопроектот е опфатено од сите наставници. Во одделенска настава има повеќе простор за интегрирање на меѓупредметни цели во образованието и оваа интеграција е повеќе застапена. Додека во предметна настава можности за ова интеграција се помали. | Годишни и тематски планирања на наставниците |

| | | |
|---|---|---|
| Влијание на наставните, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми | Наставниците дискутираат на состаноците на стручните активи и на наставничките совети за наставните палнови и програми, нивната реализација, имаат свои размислување кои јавно ги споделуваат но истите писмено не ги доставуваат до МОН или БРО бидејќи сметаат дека тоа нема никакв ефект односно дека нивните размислување не се проследуваат и не се земаат во предвид. Наставниците, родителите и учениците можат да влијаат на измени во наставната програма преку покренување на иницијатива за измени и дополнувања на наставните планови и програми и истата треба да ја препратат до БРО и МОН. На седници на Совет на родители е разговарано околу покренување на иницијатива, но истата не е до крај реализирана.<br>На одржаните состаноци на Стручен актив и Совет на родители најчесто се дискутира за преобемноста на наставните планови и програми.<br>Училиштето планира реализација на ученички екскурзии и настава во природа како една од формите на воннаставна активност и во планирањето и подготовката активно се вклучени родителите, а особено Совет на родители. | -Записници од состаноци на Совет на родители<br><br>-Стручни активи на наставници |
| Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | **Воннаставни активности**<br>Училиштето планира и во целост ги реализира воннаставните активности кои се одраз на интересите и потребите на учениците. Наставниците во своите планирања имаат и распоред за одржување на додатна, дополнителна настава како и слободни ученички активности. Исто така планирањата ги содржат и планови за реализација на додатна, дополнителна, програма за надарени талентирани ученици, како и за слободни ученички активности, подготовка на ученик за натпревар.<br>Учениците се вклучени во воннаставните активности според сопствен избор. Групите се хетерогени и обезбедуваат градење соживот меѓу учениците .Во училиштето постојат примери за вклучување на учениците со посебни образовни програми во воннаставните активности.<br>Подрачјето на воннаставните активност во нашето училиште ги опфаќа:училишен спорт, излети и екскурзии, општествено корисната работа, ученички натпревари.<br>Во рамките на *училишен спорт* учениците беа вклучени во ракометна секција и атлетика и постигнаа солидни резултати.<br>Училиштето планира и реализира ученички екскурзии и излети како една од формите на вонаставна активност. При планирањето и подготовката на истите училиштето доследно ги почитува одредбите од Правилникот | -Програма за изведување на екскурзии,општествено-корисна работа, грижа за здравјето на учениците<br><br>-Програма на заедницата на ученици<br><br>- План за учество на натпревари, конкурси, манифестации<br><br>-Годишни извештаи на училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| | за начинот на изведување на ученички екскурзии и другите слободни активности на учениците во основните училишта.<br>Пред реализација на *екскурзија* одговорните за истата поднесуваат програма за одвивање на ексурзија, а по завршувањето – извештај. Пред изведувањето на секоја екскурзија се известува Општината и БРО.Сите екскурзии се финансираат од страна на родителите на учениците. Пред секое изведување на екскурзија родителите се известуваат на родителска средба и на Советот на родители. Реализиран е еднодневен излет со ученици од петто одделение и трето одделение во учебната 2021/22 година.Во учебната 2022/23 година реализирани се еднодневни екскурзии и екскурзии за III,V,VI и IX одделение.<br>*Оптиштествено корисна работа* на учениците е насочена кон реализирање на планирани активности со програмата на училиштето, како и учество во активности во соработкасо локалната средина. Најчесто се состојат во уредување на просторот во училиштето и училишниот двор, но и учество во други, надворешно организирани активности („Ден на дрвото“, „Ден на екологијата“ и слично). Се одбележуваат и значајни датуми и празници.<br>Секоја учебна година се организира училишни *натпревари* и најдобрите ученици учествуваат на: општински, регионални, државни и меѓународни натпревари.<br>Според извештаите се согледува дека учениците учествуваат и се здобиваат со признанија на конкурси, натпревари и благодарници за учества на манифестации. | |
| Опфатеност на учениците во воннаставните активности | Училиштето овозможува најголем број на ученици да бидат вклучени во воннаставна активност во зависност од нивните желби и можности не исклучувајќи ги при тоа учениците со посебни потреби и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социо-економски статус. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор.<br>Учениците се секогаш стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците да учествуваат на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари и манифестации и со поддршка од училиштето и наставниците се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области.<br>Резултатите од анкетниот прашалник потврдуваат дека во училиштето се почитуваат потребите и интересите на учениците при вклучување во вонаставните активности. | -Програми за работа за вонаставни активности<br>-Годишни извештаи<br>- Анкетен прашалник за наставници, родители и ученици |

<table>
<tr><td></td><td>Табеларен приказ од анкета<br><br><table><tr><th></th><th>Да</th><th>Не</th></tr><tr><td>родители</td><td>79%</td><td>21%</td></tr><tr><td>ученици</td><td>86%</td><td>14%</td></tr></table></td><td></td></tr>
<tr><td>Вклученост на учениците во избор и планирањето на работата во воннаставните активности</td><td>Учениците имаат значајна улога во подготвувањето на програмите за реализација на воннаставните активности.<br>Преку воннаставните активности учениците ги реализираат своите желби, интереси и способности кои се надвор од наставата и ги дополнуваат своите знаења. Овие активности даваат можност учениците да се истакнат во некоја област со што се зголемува нивното искуство.</td><td>-Програми за воннаставни активности</td></tr>
<tr><td>Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставни активности</td><td>Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, работат на проекти, учествуваат во различни манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално, национално или на меѓународно ниво. Вклучени се во маскенбал по повод Денот на шегата, прием на првачињата во Детската организација, приредба за Денот на лица со посебни потреби, во одбележување на Патрониот празник на училиштето. Учениците кои се талентирани во некоја област своите способности и знаења ги манифестираат на натпревари. Придобивките се многубројни: соработка, другарување, лична надоградба и усовршување во одредена област, зголемување на самодовербата и натпреварувачкиот дух на учениците, стекнување на дипломи и благодарници. Со постигнатите успеси на натпревари и учеството на разни манифестации позитивно се влијае на афирмација на училиштето.</td><td>-Евиденција за учество на конкурси, манифестации<br><br>-Дипломи, пофалници, благодарници.</td></tr>
<tr><td>Подршка и следење на планирањата на наставниците</td><td>Планирање на наставниците<br>Сите наставници на почетокот на учебната година изготвуваат годишни и тематски планирања за: задолжителна настава, додатна, дополнителна настава и воннаставни активности. Тие се доставуваат во електронска форма кај педагогот на училиштето. Во текот на учебната година наставниците изготвуваат дневни подготовки и сценарија по нова концепција. Во нив се вклучени сите неопходни елементи за успешна реализација и организација на часот предвидени од страна на БРО и МОН. Стручната служба и директорот на училиштето навремено ги информираат наставниците за сите промени  во наставниот процес .</td><td>-Годишни и тематски планирања и дневни подготовка</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| Индивидуални планирања на наставниците | Наставниците изготвуваат годишни, тематски и дневни планирања. Изготвуваат програми за дополнителна, додатна настава, како и планирање за ИКТ и домашни задачи. Во индивидуалните планирања наставниците внесуваат и планираат еколошки содржини согласно еко-програмата. Избраните еко – содржини се поврзани со предметите и содржините кои одговараат со возраста научениците и овозможуваат соодветно поврзување на предметите. Наставниците во рамки на своите предмети интегрираат и МИО содржини. | -Планирања на наставници |
| Размена на искуства и информации при планирањето | Размената на искуствата при планирањата се врши преку стручните активи при соработка за реализација на наставните програми. Соработка со стручната служба и дискусија на Наставнички совети. | -Записници од стручни активи |
| Распоред на часови | Распоредот на часовите го изготвуваат одговорни наставници, со одлука на директорот и во договор со наставниците. Воедно се води сметка за наставниците кои предаваат во повеќе училишта за усогласување на часовите и смените.<br>Училиштето навреме изработува распоред за додатна и дополнителна настава. Сите распореди се истакнуваат на видно место во училиштето во предвидениот законски рок. | -Распореди на часови |
| Наставни форми и методи | **Наставен процес**<br>Наставниците користат разновидни наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење, како и поставените цели на часот. За реализација на наставните содржини користат и техники: грозд, коцка, инсерт, вртелешка, бура на идеи, учење на станици, Венов Дијаграм, Ѕвезда на приказната, Двоен дневник, Т - табела и др. Наставниците ги планираат сите задачи и активности кои треба да се реализираат на часовите или дома, како училишни или домашни задачи, проектни активности, а истите се прилагодени на потребите на учениците за да ги постигнат предвидените цели на наставата. Во процесното тематско и дневно планирање вметната е употребата на ИКТ, во законски предвидената рамка. Наставниците користат различни извори и приоди за учење: учебници и прирачници, извори и од интернет.<br>Најголемиот број наставници се обучени за примена на нови образовни технологии во наставата и истите ги употребуваат. | -Евиденција од посетени часови<br>-Годишни, тематски и дневни планирања<br>-Анкетен прашалник за родители и ученици |

| | | |
|---|---|---|
| | Поголем дел од родителите и учениците сметаат дека наставниците имаат современ приод во реализирањето на наставата со примена на современи наставни форми и методи.<br><br>Графички приказ на резултати од анкета<br> | |
| Избор на задачи, активности и ресурси | Кај поголем број на наставници во дневните планирања и во реализација на часовите постои избор на задачи, активности и ресурси според потребите на наставната содржина и потребите на учениците прилагодени со можностите на училиштето. | -Преглед на дневни планирања<br><br>-Евиденција од посетени часови |
| Интеракција меѓу наставниците и учениците | Во наставниот процес, наставниците редовно ги запознаваат учениците со целите и очекуваните исходи на наставата. При изведувањето на наставниот процес наставниците избираат различни методи и активности со цел да поттикнат различни начини на учење, активно учество во совладувањето на наставните содржини и самостојна работа во текот на часот.<br>На овој начин се создаваат услови за активна, динамична и работна атмосфера. Наставниците исто така посветуваат и големо внимание на градење на меѓусебна доверба и интеракција со учениците преку активности како самооценување и транспарентност при формирање на | -Евиденции од часови |

| | | |
|---|---|---|
| | оценката која е резултат на различните активности и степенот на совладани содржини. | |
| Приод на наставниците кон учениците | Целокупната активност на наставниците во наставниот процес промовира позитивна интеракција преку заемно почитување, соработка, разбирање и помош. Наставникот има пристап кој дозволува поставување на прашања од страна на учениците за содржини кои не им се јасни и не можат да ги совладаат. При наставниот процес наставниците воопшто не ја нагласуваат или истакнуваат етничката и религиозната припадност ниту пак нивното социјално потекло.<br>Проблемите или разидувањата кои се појавуваат помеѓу учениците на теми поврзани со различното потекло на учениците или половите разлики, наставниците најчесто ги дискутираат и решаваат на часовите наменети за работа на одделенската заедница преку соодветни работилници застапени како содржини од Животни вештини. | -Евиденции од посета на часови |
| Следење на наставниот процес | Директорот и стручната служба ги посетуваат наставниците со цел да се надминат некои објективни тешкотии во процесот на реализирање на наставата и да се планира професионалниот развој на наставниците. Во училиштето постои интерна процедура за следење на наставен процес и посебно секој наставник во тек на учебната година е посетуван на час од страна на директорот или претставници од стручната служба. | -Евиденции од посета на часови |
| Средина за учење | **Искуства на учениците од учењето**<br>Учениците се поттикнати од своите наставници самостојно да ги извршуваат своите задачи во врска со учењето и наставата. Училиштето ги мотивира и стимулира сите ученици да го постигнат својот максимум, со тоа што промовира принцип на индивидуален пристап кон учениците во сегментите на наставниот процес и кога е потребно го помага нивниот индивидуален развиток.<br>Наставникот врз основа на достапните технички можности од страна на учениците, како и сопствените можности и компетенции, ги утврдува најсоодветните начини за комуникација со учениците, и следствено – давање повратни информации. | - Евиденции од посета на часови |
| Атмосфера за учење | Наставниците и учениците во рамки на часот, создаваат атмосфера за успешна реализација на наставата и процесот на учење, како и за поттикнување на соработка и почитување на другите. Секој наставник за време на своите часови наоѓа начини, методи и техники да ги охрабри своите ученици самостојно и критички да размислуваат и за време на | -Записници од Одделенски совет |

| | | |
|---|---|---|
| | часот да знаат да поставуваат прашања и самостојно да изведуваат заклучоци од она што го учат.<br>Со иновативни приоди во користењето на ИКТ во образованието, учениците имаат целосна поддршка од наставниците бидејќи тие кај нив ги поттикнуваат и индивидуалните интереси, афинитети и способности. Во рамките на наставата, учениците и наставниците заеднички придонесуваат кон создавање на атмосферата за учење. Во тие услови, сите имаат свои задачи, обврски и предизвици. | |
| Потикнување на учениците за превземање на одговорност | Во училиштето се води сметка учениците да бидат вклучени во повеќе активности со цел да се потикне нивната одговорност.<br>Се вклучуваат во повеќе тимови и активности и им се задаваат разновидни одговорности: дежурство, членови на одделенската заедница, членови во Училишен парламент, членови на еко тим и тим за безбедност. Реализирајќи ги зададените активности кај учениците се потикнува развојот на одговорност. | -Извештаи од активности<br>-Записници од Училишен парламент |
| Интеракција на учениците меѓу себе и возрасните во училиштето | Интеракцијата меѓу возрасните и учениците, како и меѓу самите ученици е клучна за промовирање на концептот на постојано учење. Низ најразлични организирани форми, учениците се поттикнуваат и мотивираат за соработка и комуникација меѓу себе и возрасните во училиштето. Таа влијае и на нивниот социјален, емотивен и когнитивен развој и ги поттикнува да развиваат и разменуваат знаења, искуства, чувства и ставови. Токму преку интеракцијата децата развиваат свест за себеси, сфаќаат дека се дел од некоја зедница и го спознаваат светот околу себе. Улогата на наставникот е да им овозможи на учениците да учествуваат во процеси низ кои ќе откријат нови значења, да го следи учењето и развојот на учениците. Интеракцијата се базира на почит и поддршка и може да послужи како добар пример за комуникација меѓу сите учесници во процесот, каде е почитувано мислењето на секој, им помага на учениците да се здобијат со самодоверба | -Евиденција од часови |
| Идентификување на образовните потреби на учениците | **Задоволување на потребите на учениците**<br>Наставниот кадар и стручната служба ги идентификуваат образовните потреби на учениците како и потешкотиите во процесот на учење на секој ученик и preземаат активности за нивно надминување.<br>За учениците со потешкотии во учењето се упатуваат на дополнителна настава. Ученици со посебни образовни потреби работат по ИОП програма. Во училиштето се изработуваат ИОП програми за 5 ученици по претходно добиена согласност од родителите и мислење од МКФ. | -Годишен извештај за работа на училиштето<br>-ИОП програми<br>-Тестови на знаење |

<table>
<tr>
<td></td>
<td>Дел од наставниците изготвуваат задачи и активности и тестови по тежински нивоа согласно различните потреби на учениците.<br>За надарените ученици се работи на додатната настава и најдобрите ученици го претставуваат училиштето на натпревари .<br>Во слободните ученички активности учество земаат учениците според нивниот интерес и афинитети.<br>Резултатите што ги постигнуваат се истакнуваат на интрнет страната на училиштето, а учениците соодветно се пофалуваат и наградуваат.</td>
<td>-Планирање за дополнителна, додатната настава и воннаставни активности</td>
</tr>
<tr>
<td>Почитување на образовни потреби на учениците</td>
<td>Наставниците во наставниот процес користат разновидни техники и ИКТ за да ги постигнат предвидените цели.<br>Во оценувањето користат различен пристап со цел учениците да го постигнат својот максимум.</td>
<td>-Наставнички портфолија</td>
</tr>
<tr>
<td>Училишна политика за оценување</td>
<td>Оценување како дел од наставата<br>Училиштето има интерен правилник за оценување на учениците и правилник за оценување на учениците со попреченост. Наставниците имаат изработено свои усогласени критериуми за оценување на учениците по соодветниот предмет, со кои ги запознава родителите и учениците на почетокот на учебната година<br>Поголем дел од учениците и родителите сметаат дека оценувањето на учениците се врши според стандардите и критериумите за оценување.<br>Табеларен приказ на резултати од анкета
<table>
<tr><th></th><th>Да</th><th>Не</th></tr>
<tr><td>наставници</td><td>95%</td><td>5%</td></tr>
<tr><td>родители</td><td>79%</td><td>21%</td></tr>
<tr><td>ученици</td><td>80%</td><td>20%</td></tr>
</table>
</td>
<td>-Правилник за оценување на учениците<br><br>-Критериуми за оценување на учениците<br><br>-Анкетен прашалник</td>
</tr>
<tr>
<td>Методи и форми на оценување</td>
<td>Наставниците користат различни инструменти и методи за оценување при што континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците (формативно и сумативно).<br>Формативното оценување наставниците го користат во текот на учењето и подучувањето на учениците и за таа цел користат разни листи на проверка на степенот на изучениот материјал и постигнатите цели. Најчесто користени методи на проверка се: чек листи, скала на проценка, листа за самооценување, наставни ливчиња, есеи и есејски прашања, контролни тестови, усмена и писмена повратна информација и други.<br>Сумативното оценување наставниците го користат за утврдување на изучените знаења и претставува крајна оценка за секој класификационен</td>
<td>-Портфолија на учениците<br><br>-Одделенски дневници<br><br>-Наставнички портфолија</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | период , како и изведбена годишна оценка. Најкористени методи во утврдување на оценките се:усен метод, тест метода со бодовна листа направена согласно стандардите и процентуално изразена во однос на изучениот материјал, како и изработка на тестови на знаења по тежински нивоа. Кај учениците со посебни потреби кои се инклузирани во редовна настава оценувањето се одвива според прилагодени критериуми и стандарди кои наставникот однапред ги планира и изготвува со посебна програма на почетокот на учебната година. | |
| Користење на информации од оценувањето во наставата | На родителски состаноци родителите се информираат за постигнатиот успех на нивните деца.<br>При незадоволителни резултати наставникот навремено реагира и се преземаат соодветни активности за подобрување на успехот. | -Одделенски дневници<br><br>-Евидентни листови и свидителства |
| Просторни услови | **Сместување и просторни капацитети**<br>Училишниот простор го користат две основни училишта со што се создават потешкотии во реализирање на дополнителна и додатна настава, вонннаставни активности. Во последните две години поради протекување на кровната конструкција училиниците од третиот кат не се во употреба. Поради тоа во училиштето има недостаток на училишен простор со што учениците од трето одделение следат настава во просториите на СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ и учениците од деветo одделение во просториите на посебни паралелки.<br>Училиштето е лоцирано во центарот на градот и фукционира како централно училиште со две подрачни училишта во с.Пчиња и с.Ст.Бара и Центар за подршка за ученици со посебни образовни потреби во кој се реализира настава за ученици со ПОП од I-IX одделение<br>Работи во пет училишни згради.<br>1.Во централната училишна зграда има вкупно 29 паралелки, 20 паралелки од предметна настава, 9 паралелки од одделенска настава.<br>Во предметната настава учлниците се опремени и осовремени за настава има 2 кабинета по информатика. Во склоп на оваа зграда работи и училишната библиотека опремена со книги, лектирни изданија, енциклопедии и нуди можност за компјутерски истражувачки активности на учениците. Има спортска сала за реализирање на часовите по ФЗО и мала сала за реализирање на ФЗО за ученици од I и II одделение и се користи за приредби, прослави и други активности. Има наставнички канцеларии, канцеларии за директор и стручни соработници, помошни простории и тоалети. | -Годишен извештај за работа на училиштето<br><br>-Пописна листа за основни средства за учебна 2021/22 и 2022/23 год.<br><br>-Анкетен прашалник |

<table>
<tr>
<td></td>
<td>2.Во втората зграда која се наога на улицата „Тонко Димков" бб., се изведува настава на ученици од реонот на Соколана од I-V одд. како и сите петти одделениа или вкупно има 9(девет) паралелки. Во оваа зграда има:9 училници една училница е прилагодена за реализирање на часови по ФЗО, наставничка канцеларија, 2 помошни простории.<br>3.Во третата зграда која се наоѓа на улицата "Тане Георгиевски "бб наставата се изведува за ученици со посебни образовни потреби. Во оваа зграда има 9 училници за ученици со посебни образовни потреби, 7 училници за ученици од редовни паралелки од трето и четврто одделение, наставничка канцеларија, спортска сала и помошни простории и тоалети.<br>4.Во четвртата зграда е подрачното училиште во с.Пчиња и опфаќа ученици кои гравитираат кон тој реон. Во оваа зграда има 6 училници и еден кабинет по информатика, наставничка канцеларија, помошни простории. Има и спортско игралиште во училишниот двор.<br>5.Во петтата зграда која е лоцирана во с.Студена Бара учат ученици од тој реон и тоа 2 училници за две комбинирани паралелки од I-V одделение, наставничка канцеларија.<br>Поголем дел на родители и наставници сметаат дека просторните услови делумно ги задоволуваат потребите за реализирање на редовната настава,додатна и дополнителна настава и вонаставни активности.<br>Табеларен приказ од анкета
<table>
<tr><th></th><th>Да</th><th>Не</th><th>Делумно се согласувам</th></tr>
<tr><td>наставници</td><td>36%</td><td>9%</td><td>55</td></tr>
<tr><td>родители</td><td>40%</td><td>60%</td><td>/</td></tr>
</table>
</td>
<td></td>
</tr>
<tr>
<td>Искористеност на просторните капацитети</td>
<td>Во учебната 2021/22 година направени се повеќе чекори кон подобрување на условите за работа во училиштето и направени се основни подготовки за почетокот на учебната година.<br>Во централната зграда на училиштето со подршка на Општина Куманово направен е спортски терен во училишниот двор и заменета е столаријата на училниците во второ одделение. Со донација на МОН направен е лифт, три тоалети прилагодени за инклузирани ученици и пристапни рампи на влезовите на училиштата.</td>
<td>-Пописна листа на основни средства<br>-Развоен план на училиштет<br>-Соодветна документација</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | Од проектот „Редовно на часови за вклучување на Ромите во основното образование“ подржан од страна на Фондацијата Чекор по чекор направено е инклузивно игралиште во училишниот двор.<br>Со донација на Општина Куманово обновена е фасадата на училишната зграда во Соколана.<br>Во училишната зграда на ул.„Тане Георгиев“ со донација на општината поставен е централен систем за алтернативно греење на гас. Со донација на МОН еден тоалет е прилагоден за ученици со посебни образовни потреби.<br>Во ПУ с.Пчиња со донација на општината изграден е нов спортски терен во училишниот двор.<br>Во текот на годината добиени се донации од МОН 5 смарт табли и 1 смарт табла од грант од МИО, 15 лап-топ компјутери од проектот Еразмус, АД Триглав Осигурување донираше 4 персонални компјутери за употреба.<br>На 18.05.2023 година е потпишан договор со Изведувачот и Надзорот за изведба на работите предвидени со договорот за изградба на кровната конструкција на училиштето и санација на оштртените делови на училниците. Целокупната обнова и санација финансиски е подржана од МОН. | |
| Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала | **Наставни средства и матријали**<br>Училиштето располага со соодветни средства за работа и неопходни училишни помагала за изведување на наставата. Наставните средства ги задоволуваат потребите на наставниците и учениците за современа и модерна настава. Секој наставен предмет ги има неопходните помагала за работа ,стручни литератури, енциклопедии.<br>Во централното училиште има еден кабинета по информатика со целокупна електронска опрема како и LCD проектори, смарт табли, скенери и штампачи и два кабинета по природни науки. Во ПУ во с.Пчиња има кабинет по информатика.<br>Од анкетираните наставници 34 % од сметаат дека ги имаат потребните наставни сретстава и материјали , 60% од нив сметаат имаат делумно од потребните наставни средства и материјали и 6% дека немаат доволно наставни средства и материјали за реализирање на наставата. | -Годишен извештај на училиштето<br><br>-Годишен попис на училиштето (пописни листи)<br><br>-Анкетен прашалник за наставници |

<table>
<tr><td></td><td>Графички приказ на резултати од анкета<br>
</td><td></td></tr>
<tr><td>Училишна библиотека</td><td>Во составот на училиштето работи училишна библиотека – медијатека, со ангажирано лице библиотекар. Библиотеката има изготвено правилник за користење на лектирни изданија со кој се запознаваат учениците при нивното зачленување и кои како членови се должни да ги почитуваат. Училишната библиотека располага со вкупен број на книги 9727 од различни подрачја и жанрови, подредени според азбучен редослед, по презиме на писателот, потекло и видот на литературата. Има вкупно 147 енциклопедии, 6038 наслови на слободна литература инвентирани во посебна инвентарна книга на библиотеката. Исто така таа располага и со лектирни изданија, сликовници и др. литература од различни подрачја.<br>Библиотеката располага и со стручна литература за наставници, со практикумии прирачници за осовременување на наставата.<br>Библиотеката располага со повеќе од 300 наслови, книги од проектот„Нобеловци“ и „Звезди на светската книжевност“ подарени од МОН.<br>Во реонското училиште Соколана отворена и опремена со мебел е училишна библиотека за најмалите со сретства добиени од проектот „Редовно на часови“ подржано од Фондација „Чекор по чекор“</td><td>-Дневник за евиденција<br><br>-Годишен попис на библиотеката</td></tr>
<tr><td>Потрошен матријал</td><td>Според материјалните можности на училиштето навремено се набавува потребниот потрошен материјал за непречено изведување на наставниот процес. Најмногу има потреба од хартија за принтање и копирање и тонер за принтери и фотокопир, хамер, бои, креди.</td><td>- План за набавки<br>- Финансов план</td></tr>
</table>

## Подрачје II Постигања на учениците

| *Подрачје 2* | *Индикатори на квалитет* | *Теми* |
|---|---|---|
| 2.1 | Постигања на учениците | Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) според наставни предмети и според квалификациони периоди<br>Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)<br>Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби<br>Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава<br>Следење на постигањата на редовните и вонредните ученици при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование<br>Следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците<br>Еднаква вклученост на учениците (од различен пол, етничка припадност, наставен јазик, посебни образовни потреби) во постигањата при реализација на еколошката програма |
| 2.2 | Задржување/осипување на учениците | Опфат на учениците<br>Редовност во наставата<br>Редовност во наставата<br>Премин на ученици од едно училиште во друго |
| 2.3 | Повторување на учениците | Ученици кои не ја завршуваат годината |

| | | |
|---|---|---|
| 2.4 | Известување за напредокот на учениците | Известување за напредокот на учениците |
| 2.5 | Следење на напредокот на учениците | Следење на напредокот на учениците |
| 2.6 | Промовирање на постигањата на учениците | Промовирање на постигањата на учениците |

| *Теми* | *Констатации, собрани податоци* | *Извори на податоци* |
|---|---|---|
| Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) според наставни предмети и според квалификациони периоди | **Постигања на учениците**<br>Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по пол и етничка припадност по сите наставни предмети по класификациони периоди.(во учебната 2021/22г.и 2022/23г.)<br>Училиштето ги следи постигањата на учениците на Совет на предметни и Совет на одделенски наставници. Во нашето училиште наставата се изведува на македонски јазик. Од изготвените табели може да се направи увид во бројот на учениците по пол и етничка припадност на учениците. Бројната состојба на учениците се движи од 1231 во учебната 2021/22 год. и 1254 во 2022/23 година и се зголемува во последните години. Според етничката припадност најголем дел од вкупниот број ученици се Македонци 87,33%. Од друга етничка припадност во нашето училиште учат : Срби, Роми и други националности, како хрвати, бошњаци и турци во централно училиште, како и албанци во посебни паралелки. Според етничката припадност застапени се срби 5,52%, роми 5,44% и други националности 1,71%.<br>На крајот на секој класификационен период се изработуваат табеларни прегледи за успехот на учениците по пол и етничка припадност. Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети за учебната 2021/2022, 2022/2023 год.<br><br>Години — 2021/20222 — 2022/2023<br>Среден успех — 4,48 — 4,53<br><br>Постигањата на учениците од I-III одделение се оценети на три нивоа со описни оценки и преовладуваат описни оценки од високо ниво.<br>Според изготвените анализи, средниот успех на учениците во последните две учебни години може да се види дека: Средниот успех на | -Анализи на успех по класификациони периоди<br>-Полугодишни и Годишни извештаи за учебни години<br>-Записници од стручни органи на училиштето,Училишниот одбор, Совет на родители;<br>-Извештаи од стручна служба;<br>-Резултати од интегрална евалуација,<br>-Анализи на успех;<br>-Анкета со наставници, родители и ученици;<br>-Дневници, евидентни листови за успех на учениците |

| | | |
|---|---|---|
| | ниво на училиште за 2021/2022 изнесува 4,48 и 4,53 во учебната 2022/23година.<br>Во последните две години поголем процент од учениците постигнале одличен успех. Според квалификациони периоди средниот успех се зголемува на полугодие и на крај на учебната година. Во 2021/22 година, средниот успех по периоди се движи од 3,90; 4,05; 4,01 до 4,48 на крај на учебната година. Во 2022/23 година, средниот успех се движи од 3,75; 4,01; 3,97 до 4,53 на крај на учебната година.<br>Училиштето промовира уверување дека учениците без разлика на етничка и верска припадност, економскиот и социјалниот статус покажуваат резултати според своите можности и способности и дека ученикот е во центарот на вниманието. Секој наставник изготвува годишен план за инклузирани часови од МИО во рамките на својот предмет. Училиштето изготвува акциски план за активности со мешани групи ученици заедно со партнер училиштето „Бајрам Шабани“ во учебната 2021/22 година е добиен грант за МОН за активности од меѓуетничка интеграција и планираните активности, спортски активности, маскенбал и активности по повод Ден на планетата земја беа реализирани во целост. Во учебната 2022/23 во училиштето се реализираат активности планирани во акцискиот план за МИО. Реализирана е активност по повод 8 Март, изработка на цветови оригами под мото „Цвет за секоја жена“ заедно со учениците, наставниците и родителите од партнер училиштето „Бајрам Шабани“.<br>Увидот за напредокот во постигањата може да се види од изготвените табеларни прегледи по класификациони периоди полугодишни и годишни извештаи. Училиштето ги промовира еднаквите можности на сите ученици и го активира потенцијалот за постигнување на максимални резултати во рамките на изјавата од мисија и визија на училиштето кои се достапни и видливи за сите ученици, родители, наставници и поширока заедница.<br>Подобрувањето на постигањата на учениците се поттикнува со формативното оценување. Исто така се поттикнува учениците преку реализацијата на дополнителна и додатната настава која се реализира според предходно изготвен распоред и според потребите на секој ученик и во корелација со одделенските и предметните наставници. Родителите имаат можност да го користат Е-дневникот за да се информираат за успехот, постигањата и редовното посетување на наставата на нивните деца. Доколку учениците покажат намалување на успехот и несоодветно | |

| | | |
|---|---|---|
| | однесување и подолго отсуство од наставата, нивните родители се повикуваат на советодавен разговор  или родителите се упатуваат на советување како законска регулатива. | |
| Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) | Од  учебната 2021/22 година, наставата од прво и четврто одделение е според новата концепција во образованието, а во учебната 2022/23 година,  новата концепција се остварува во прво, второ, четврто и петто одделение. На прашањето дали новата концепција за образование влијае врз подобрувањето на успехот, логичкото и креативно размислување на учениците 66,67% од наставниците делумно се согласуваат.<br>Во текот на учебната година, податоците за постигањата на учениците редовно се внесуваат во електронскиот дневник на паралелката, евидентните листови на учениците, полугодишни и годишни извештаи.<br>Училиштето располага и со споредбена анализа на успехот, редовноста и поведението по класификациони периоди. Посебно се следат постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава.<br>Посебно се следи премин од одделенска во предметна настава. Во учебната 2021/22 година, при преминот од одделенска во предметна настава има намалување на средниот успех генерациски од 4,79 на 4,39. Во учебната 2022/23 година има намалување на средниот успех од 4,79 на 4,50.<br>Учениците од Ромска националност изучуваат  Ромскиот јазик и култура и истиот се изучува во трето и четврто и петто одделение. | -Училишни програми и извештаи;<br>-Записници од стручните органи на училиштето,<br>-Советот на родители;<br>-Извештаи од стручната служба;<br>-Споредбени анализи;<br>-Резултати од училишни регионални и државни натпревари;<br>-Анализи на успех;<br>-Анкета/интервјуа со наставници, родители и ученици |
| Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби | Одделенскиот раководител, предметните наставници и тимот за инклузија ги идентификуваат учениците со потешкотии во учењето и посебни образовни потреби. Идентификација се врши со опсервација од инклузивниот тим и наставниците, следење на напредокот и разговори со родители. Учениците се упатуваат на  МКФ.<br>Од добиените резултати од анкетата за родители, 59,% од родителите и 73% од наставниците сметаат дека наставниците секогаш им даваат поддршка во редовната настава на учениците со посебни образовни потреби, со тешкотии и надарени ученици. Додека 86,90% од испитаните наставници одговориле дека им даваат поддршка на учениците со потешкотии со избирање на активности соодветни на нивните можности. | -Годишни програми за работа на училиштето;<br>-Прилози и анекси на годишни програми;<br>-Програма за ученици со посебни потреби<br>-Програма за талентирани ученици |




Учениците со ПОП инклузирани во редовна настава имаат поддршка од тимот за инклузија во училиштето, дефектологот и логопедот како стручни соработници во училиштето. Сите наставници се обучени за изработка на ИОП и изработка на модифицирана програма. Но инклузијата е процес кој трае и за кој е потребна континуирана едукација на наставниот кадар. Од минатата учебна година училиштето е вклучено во пооектот Инклузивни партнерства во заедниците, финансиран од фондацијата „Чекор по чекор“.

За учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставниот материјал задолжително се изведува дополнителна настава. Додека учениците кои посебно се истакнуваат се упатуваат на додатната настава и се подготвуваат за учество на натпревари. Наставниците по секој наставен предмет имаат изготвено програма за дополнителна и додатна настава по која работат, распоред за изведување на дополнителна и додатна настава и истата ја евидентираат во образци за дополнителна и додатна настава. Во текот на целата учебна година училиштето организира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат потешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат значителни резултати во одредени области. Родителите

одговараа на прашањето: Дали дополнителната настава влијае за подобрување на успехот на учениците? 57% од родителите одговориле дека дополнителната настава секогаш влијае на подобрувањето на успехот на учениците, 52,69% од наставниците се согласуваат со тврдењето дека посетата на дополнителна настава влијае за подобрување на успехот на учениците, а 73% од анкетираните ученици сметаат дека добиваат помош од наставниците.






Училиштето врши идентификација на ученици со потешкотии во учењето и надарени ученици преку следење на напредокот на учениците, преку набљудување и проценка од страна на предметните наставници и стручната служба, преку разговори со одделенските раководители и родителите.

Од спроведената анкета 86,90% од наставниците се согласуваат со тврдењето дека се консултираат со стручната служба за подобрување на успехот,редовноста и поведението на учениците.

| | | |
|---|---|---|
| |  | |
| Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | Во текот на целата учебна година училиштето реализира дополнителна настава за што се изготвува распоред кој се соопштува на родителите на првата родителска средба. Исто така училиштето реализира додатна настава во текот на целата учебна година со изготвен распоред за ученици кои покажуваат значителни резултати во определени области. Од дополнителната настава кај учениците има подобрување на успехот. А во додатната настава учениците се подготвуваат за учество на натпревари.Училиштето организира училишни натпревари и учествува на натпревари во сите категории, општински, регионални, државни и меѓународни натпревари. Учениците менторирани од своите наставници постигнуваат значителни резултати и освојуваат признанија, награди, дипломи и медаљи.<br>Дополнителната настава значително го подобрува успехот на учениците. Дополнителна и додатна настава во училиштето се планира и реализира. Постојат тешкотии за нивна реализација, двосменското работење на училиштето и голем број на часови во тек на една недела претставува тешкотија за реализација на истите.<br>Посебно треба да се нагласат добрите постигања и значителни успеси на нашите ученици.<br>Учениците учествуваат и освојуваат награди на голем број регионални и државни натпревари, во учебната 2021/22 год. освоени се вкупно 84 општински награди, на регионално ниво освоени се вкупно 48 награди, на државно ниво вкупно 20 награди и на меѓународно ниво 6 награди. Освоени се вкупно 156 награди. | |

<table>
<tr><td></td><td>Во учебната 2022/23 год. Вкупно 232 награди од кои 110 општински, 92 регионални, 28 државни награди, 2 меѓународни награди.<br>Во последните две години  се зголемува бројот на освоени награди.<br>Од спроведената анкета 73,% од испитаните наставници сметаат дека училиштето секогаш ги мотивира учениците да постигнуваат подобри успеси и дека нивните успеси доволно се промовираат во училиштето и надвор од него. 11,% од испитаните наставници и 26% ученици сметаат дека треба повеќе  дека  ги промовира постигањата на учениците во училиштето и во локалната заедница.<br><br></td><td></td></tr>
<tr><td>Следење на постигањата на редовните и вонредните ученици при премин од еден во друг циклус и од едно до друго</td><td>Постои уредно следење на постигањата на учениците  при премин од едно до друго  ниво на образование.<br>Во училиштето постои уредна евиденција за преминот на учениците од едно во друго ниво на образование, посебно за премин од одделенска во предметна настава. Во учебната 2021/22 година, при преминот од одделенска во предметна настава има намалување на средниот успех генерациски од 4,79 на 4,39. Во учебната 2022/23 година има намалување на средниот успех од 4,79 на 4,50.</td><td>-Известувања од средни училишта за опфат на ученици;<br>-Записници од состаноци на стручни органи<br>-Донесени одлуки за полагање на одделенски испити на нередовни ученици</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| ниво на образование | | -Изјави од родители за престој во странство |
| Следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците | Во училиштето е овозможено слободно хоризонтално и вертикално движење на учениците од одделение во одделение по барање на родител и мислење на наставниците и стручните соработници проценат дека промена на средина ќе влијае стимулативно врз однесувањето и успехот на ученикот. Со согласност на родител се врши преместување во друга паралелка. Или со изрекување на педагошки мерки на ученикот се преместува во друга паралелка. Во учебната 2022/23 година два ученика од осмо одделение се преместени во друга паралелка со изрекување на педагошка мерка изречена од Наставнички совет. | -Закон за основно образование |
| Еднаква вклученост на учениците (од различен пол, етничка припадност, наставен јазик, посебни образовни потреби) во постигањата при реализација на еколошката програма | Во реализација на еколошката програма се вклучени сите ученици од I-IX одделение без разлика на пол и етничка припадност. Сите ученици се вклучуваат во еколошки акции и одбелезување на значајни датуми од еколошкиот календар.<br>Секој наставник изготвува програма за интегрирани часови од ЕКО во рамките на својот предмет, со цел развивање на еколошката свест за заштита на животната средина. | -Програма за екологија<br>-Извештаи од реализирани акции |
| Опфат на учениците | **Задржување/осипување на ученици**<br>Училиштето добива списоци со училишни обврзници од МВР пред да започне запишувањето на учениците во прво одделение и има изградена политика за опфат на сите ученици. Училиштето ги опфати учениците од својот реон, но и од други реони со согласност од двете училишта. Во учебната 2021/22 година запишувањето на учениците се изврши во месец мај согласно законот, а мал број подоцна, најчесто повратници од странство. Во учебната 2022/23 година, запишувањето на учениците се изврши во месец мај согласно законот.<br>При преминување на учениците од едно во друго училиште се запазува постапката за уредно водење педагошка евиденција и документација. | -Списоци на ученици<br>-Списоци од МВР<br>-Правилник за упис на ученици |

| | | |
|---|---|---|
| | Училиштето издава согласност за запишување на ученикот врз чија основа се издава преведница за запишување на ученикот. | |
| Редовност во наставата | Училиштето континуирано ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуствата од наставата (оправдано/неоправдано) и навремено превзема мерки за подобрување на редовноста на учениците, советување на родители поради оправдано и неоправдано одсуство од настава, индивидуални повикувања и разговори со родители, доставување на покани и одење со помош на НО на терен.<br>Во 2021/2022 вкупно 16988 од кои 1673 неоправдани изостаноци, или по ученик 14,26 изостаноци. Во 2022/2023год. учениците направиле вкупно 22080 изостаноци од кои 858 неоправдани, по ученик 18,25 изостаноци.Се зголемува вкупниот број на изостаноци а се намалува бројот на неоправдани изостаноци. | -Дневници<br>-Записници од Совети на одделенски и Предметни наставници;<br>-Правилник за изрекување на педагошки мерки на учениците;<br>-Записници на стручна служба од одржани советувања<br>-Покани за родители<br>-Записници од Совет на родители |
| Осипување на учениците | Во училиштето се следи осипувањето на учениците од страна на стручната служба и според нивна анализа најчеста причина за осипувањето е преселување на друго место за живеење и заминување во странство, низок социоекономски статус на семејството и сезонска работа на семејството во друго место.<br>Во учебната 2021/22 год. Испишани се 14 ученици а придојдени се 10, во учебната 2022/2023 година бројот на испишани ученици е 14, а придојдени 12. Со изјава поради заминување во странство во учебната 2021/22 бројот на ученици изнесува 28 ученици, во учебната 2022/23 година 21 ученик се испишани со изјава поради заминување во странство со целото семејство. Се зголемува бројот на ученици од македонска националност кои се испишуваат со изјава во споредба со предходните години кога поголемиот број на ученици кои заминуваат во странство беа од ромска националност. | -Евидентни листи за ученици кои се преселиле или дошле од друго училиште од стручна служба |
| Премин на ученици од едно училиште во друго | Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште и при прием на ученик од друго училиште родителот ја доставува потребната документација за ученикот , барање, согласност и преведница. Во учебната 2021/22 придојдени од други училишта се 10 ученици а испишани се 14 ученика, во 2022/23год. придојдени се 12 ученици а испишани се 14 ученици. | -Педагошка евиденција и документација<br>-Евиденција на преведници<br>-Согласности за прием на ученикот |

| | | |
|---|---|---|
| Ученици кои не ја завршуваат годината | **Повторување на учениците**<br>Во учебната 2021/22 година нема ученици кои не го завршиле одделението, четири ученици од одделенска настава го завршиле одделението со полагање на одделенски испит на крајот на учебната година. Во учебната 2022/23 година, 1ученик е задржан во исто одделение и 5 ученика го завршиле одделението со полагање на одделенски испит. | -Педагошка евиденција и документација<br>-Записници од Наставнички совети<br>-Анализа на успех за крај на учебна год<br>-Годишен извештај на училиштето |
| | **Известување за напредокот на учениците**<br>Известувањето на родителите за напредокот на секој ученик се вршеше на редовни родителски средби, 4 пати во текот на учебната година и тоа за секој класификационен период преку евидентни листови, on-line родителски состаноци и со физичко присуство според потребата, комуникација во група на родители.<br>Известувањето за напредокот на учениците по класификациони периоди и постигнатите врвни резултати се вршат преку фејзбук страната на училиштето. 66,67% од прашаните ученици одговориле дека наставниците ги информираат за напредокот во учењето. Најголем број на родители се информираат за успехот, редовноста и поведението на своето дете преку родителски состаноци, помалку од Е-дневник, а најмалку преку телефонски разговори.<br> | - Евидентни листови за успех на учениците;<br>-Родителски состаноци;<br>-Индивидуални и групни средби;<br>-Приемен ден за родители; |

<table>
<tr><td></td><td>

Успехот и напредувањето на учениците се следи и електронски преку Е-дневникот, кој е достапен за секој родител, индивидуални и групни состаноци, состаноци на Совет на родители и индивидуални средби со родители според распоредот на секој наставник поединечно.</td><td></td></tr>
<tr><td></td><td>Следење на напредокот на учениците<br>Наставниците водат евиденција за постигнатиот успех на учениците и нивниот напредок во е-дневникот за задолжителната и изборната настава, како и за напредокот во додатната и дополнителната настава во образците за водење на дополнителна и додатна настава. Редовно се води евиденција за редовноста и поведението на учениците во Е-дневникот и извештаите по класификациони периоди.<br>Целокупната евиденција е достапна за сите наставници, родители и ученици. Педагошко - психолошката служба редовно изготвува анализи за постигнатиот успех на учениците. Истите се разгледуваа на Наставнички совет, како и на Совет на родители и Училишен одбор. При што се предлагаа мерки за нивно подобрување.</td><td>-Табеларни прегледи;<br>-Листи за следење на успехот;<br>-Ученичко портфолио;<br>-Анализи на успех;<br>-Споредбени анализи</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | **Промовирање на постигањата на учениците**<br>Постигањата на учениците се евидентираа во полугодишните и годишните извештаи на училиштето. За сите постигнати резултати учениците јавно се пофалени и добиваа посебни награди, пофалници и дипломи од страна на училиштето.<br>Постигнатите резултати се истакнуваат на родителските средби, преку училишна фејзбук страница и преку локални медиуми.<br>На крајот од секоја учебна година се избира првенец на генерацијата како во централното исто така и во подрачните училишта.<br>Сите високи резултати и пласмани на учениците училиштето ги промовира преку јавните гласила, локалните медиуми и МТВ. Со тоа им се дава огромна поддршка и мотивација на учениците и наставниците за нивно идно ангажирање и постигнување на уште повисоки резултати и успеси. | -Дипломи<br>-Пофалници |

## Подрачје III Професиононалèн развој на наставниците, стручните соработници и раководиниот кадар

| *Подрачје 3* | *Индикатори на квалитет* | *Теми* |
|---|---|---|
| 3.1 | Обезбедување на потребниот наставен кадар, стручните соработници и раководниот кадар | Наставен кадар, стручни соработници и раководен кадар |
| 3.2 | Следење на развојните потреби на наставниот кадар | Следење на развојните потреби на наставниот кадар |

| *Теми* | *Констатации, собрани податоци* | *Извори на податоци* |
|---|---|---|
| Наставен кадар, стручни соработници и раководен кадар | **Обезбедување на потребниот наставен кадар, стручните соработници и раководниот кадар**<br>Воспитно - образовната дејност во училиштето ја остварува соодветен воспитно - образовен кадар, кој според структурата и степенот на образование се во согласност со Законот за основно образование и нормативите за работа. Тие со својата стручна оспособеност, искуство, примена на современи методи, стратегии и техники на работа во наставата, придонесуваат за поголема успешност во остварувањето на дејноста. | - Закон за основно образование<br><br>- Развоен план и Годишна програма за работа на училиштето<br><br>- Записници од стручни активи<br><br>- Досие на вработени |

| | | |
|---|---|---|
| | Бројната состојба на воспитно - образовен кадар изнесува 114 (96 жени и 18 мажи), од кои 7 (6 жени, 1 маж) се наставници кои доаѓаат од други училишта.<br>Според видот на работниот однос во нашето училиште има следен кадар: 1-Директор, 1-Помошен директор, Нормативно- правни работи, човечки ресурси и општи работи 1 секретар, Финансии и сметководство 1 благајник, Стручни соработници 6, вработени во одделенска настава се 32 наставника, од кои 25 во централното училиште, 5 во подрачното училиште во с. Пчиња и с. Ст. Бара 2 наставника (комбинирана настава), англиски јазик во одделенска настава 5 наставника. Предметна настава реализираат 48 наставници. Дефектолози се 8 наставника. Според видот на работниот однос 76 наставници се вработени на неопределено време и 12 наставници се на определено време. Според степенот на стручната подготовка 78 наставници се со ВСС и 6 наставници се со ВШС, магистри 3 и 1-Доктор на науки.<br>Според етничката припадност, од вкупно 114 вработени во училиштето (директор, помошен директор, педагог, психолог, дефектолог, социолог, библиотекар, наставници и технички персонал), 107 се Македонци, 5 Срби,1 Албанец и 1 Црногорец. Раководниот кадар е директор.<br>Во училиштето има стручна служба (составена од педагог, психолог, социолог, дефектолог, библиотекар и логопед) која им помага на наставниците во организирање на наставата, следењето на напредокот на учениците, справување со проблеми на индивидуално и групно ниво и давање соодветна помош на учениците. Стручните соработници им пружаат помош на наставниците во планирањето и организацијата на наставата, како и при следењето на постигањата на учениците. Исто така наставниците и стручните соработници во училиштето го следат напредокот и постигањата и на учениците со посебни образовни потреби. Наставниците успешно работат како тим во рамките на стручните активи. Во училиштето функционираат 5 стручни активи, и тоа: Стручен актив на јазично-естетска група, Стручен актив на природни науки, Стручен актив на општествени науки, Стручен актив на одделенски наставници, Стручен актив на посебни паралелки. Стручните активи редовно одржуваат средби и состаноци, преку кои се разменуваат знаења и искуства,со цел унапредување на воспитно-образовниот процес.<br>Во случај, на пократко или подолго отсуство на наставник или повеќе наставници, училиштето врши соодветна замена. Во училиштето се води | - Решенија за користење на годишен одмор |

| | | |
|---|---|---|
| | евиденција за присутноста на наставниот кадар од страна на директорот и стручните служби. | |
| Следење на развојните потреби на наставниот кадар | **Следење на развојните потреби на наставниот кадар**<br>Стручното усовршување на наставниот кадар во училиште то сеодвиваше во континуитет преку повеќе форми и облици. Постојано следењена стручна литература, посета на семинари организирани од Биро за развој на образованието, МОН и другите стручни институции и акредитирани организации, стручно усовршување во рамките на училиштето преку Стручните активи, Одделенски совети, Наставнички совет  и други облици на стручноу совршување.<br>Во текот на изминатиот период, одделенските и предметните наставници беа на многу стручни обуки и семинари, од кои ќе издвоиме некои:<br>✓ Инклузивно образование;<br>✓ Реализација на наставата со користење на различни ИКТ средства за учење;<br>✓ Практични совети и доби практики во користење на Microsoft Teams;<br>✓ Совети и добри практики од работата на психолозите во основните училишта;<br>✓ Поттикнување на учење преку игра и стекнување на социоемоционални вештини кај деца на возраст од 3 до 10 години;<br>✓ Интегрирање на целите во одделенска настава (холистички пристап);<br>✓ Добри практики за спроведување на онлајн час;<br>✓ Методика и педагогија на квалитетна настава на далечина;<br>✓ ЕДУИНО ВЕБИНАР  „Добри практики за спроведување на online час“<br>✓ ЕДУИНО ВЕБИНАР „Оформување на персонализирани учебни патеки за учениците“<br>✓ ЕдуиновебинарПодготвување за тестирање ПИСА 2021<br>✓ Едуино вебинар „Практични совети за добри практики во користење на Microsoft Teams“<br>✓ Едуино вебинар „Формативно и сумативно оценување со Microsoft Teams“<br>✓ Развивање програми за реализација на слободни изборни предмети29.09 2022 | - Професионално досие<br><br>-Наставничко портфолио<br><br>-Анкети за наставници |

| | | |
|---|---|---|
| | ✓ Спречување и борба против трговија со деца декември 2021- МОН/БРО<br>✓ Потреба од засилена реализација на воспитна функција во училиштата проф.д-р Розалина Попова - Коскарова<br>✓ Обука за имплементирање на новите Наставни програми за I одд.(прва фаза) БРО<br>✓ Обука на наставници по Нова концепција за петто одделение БРО<br>✓ „Улогата на ресурсниот центар во поддршка на редовните основни училишта“ 27.10.2022<br>✓ Рана интервенција Достапни опции и услуги 8.11.2022<br>✓ Самоевалуација на квалитетот на образовниот процес на ниво на училиште 19.11.2022 –БРО<br>✓ „Инклузивни тимови во градинка (искуства и следничекори) + Водич за инклузивни практики“ 29.11.2022<br>✓ Предизвикувачко однесување - справување и добри практики1.12.2022<br>✓ „Стимулација на говор во рана возраст + Cboard“ 24.12.2022<br>✓ Добри практики со користење на мобилни апликации во СТЕМ настава | |

## Подрачје IV Управување и раководење

| *Подрачје 4* | *Индикатори на квалитет* | *Теми* |
|---|---|---|
| 4.1 | Раководње со училиштето | Управување со училиштето<br>Раководење со училиштето |
| 4.2 | Цели и креирање на училишна политика | Јасност и соодветност на темите<br>Креирање на училишна политика |
| 4.3 | Развојно планирање | Цели на развојно планирање<br>Професионален развој/ стручно усовршување на кадарот<br>Инфраструктура |

| *Теми* | *Констатации, собрани податоци* | *Извори на податоци* |
|---|---|---|
| Управување и раководење со училиштето | **Управување со училиштето**<br><br>Училишниот одбор (УО) е конституиран согласно законска регулатива и Статутот на училиштето. Надлежностите за управување се јасно дефинирани со Деловник на работа на УО, Програма за работа на УО и со Статутот на училиштето во кои се содржани сите законски и статутарни обврски. По својата структура, училишниот одбор е колегијален орган т.е. составен е од повеќе членови.<br>Мандатот на членовите на УО е три години.<br>Училишниот одбор ги има следните надлежности, пропишани со закон:<br>-Го донесува Статутот на Училиштето;<br>-Ја предлага Годишната програма за работа на училиштето до Советот на Општината<br>-Изготвува Извештај за работа на Училиштето и го предлага до Советот на Општината<br>-Предлага Финансиски план до основачот (до Советот на Општината) ;<br>-Предлага Завршна сметка до основачот ;<br>-Прави интервју со кандидатите за директор и му предлага кандидат на градоначалникот ;<br>-Дава мислење до директорот за избор на наставници;<br>-Одлучува по приговори и жалби на вработените во училиштето и од ученици, родители (старатели) на учениците;<br>-Изготвува годишна програма за работа на УО;…..и др.<br><br>Училишниот одбор работи на седници, кои ги свикува претседателот во рок предвиден со Деловникот за работа на УО. На сите седници присуствуваат повеќе од половина членови, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на УО (во Деловникот за работа е пропишано задолжително присуство на најмалку по еден претставник од структурите предвидени со Законот за основно образование). Членовите се известуваат по електронски пат и телефонски, најмалку два дена пред одржување на состаноците. Состаноците се одржуваат со однапред изготвен и доставен дневен ред со можност на дополнување на истиот. Одговорен да го обезбеди и | -Закон за основно образование<br><br>-Годишна програма за работа на училиште<br><br>-Статут на училиштето<br><br>-Програма за работа на Училишен одбор<br><br>-Програма за работа на директор<br><br>-Деловник за работа на Училишниот одбор<br><br>-Записници, одлуки од работата на училишниот одбор<br><br>-Самоевалуација и план за развој на училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| | поттикнува присуството на состаноци,да обезбеди потребен материјал за работа е председателот на УО. Седниците ги раководи претседателот, а по барање на УО на некои седници се повикува и присуствува и Раководниот орган- директорот на училиштето. Сите донесени, решенија и акти се со јасен конзесус и за нив гаранција е потребниот кворум за работа. Сите субјекти во училиштето целосно и редовно се известени за работата на овие структури, а донесените решенија, одлуки и акти доследно се спроведуваат. За работата на УО се водат записници. Од водените записници на секоја од седниците е констатирана континуирана редовност на члeновите .<br>УО на училиштето има карактеристики на ефективен УО кои се воочуваат во:<br>-Фокусирање на подобрување на учењето и успехот на учениците;<br>-Промоција на значајно вклучување на родителите и на заедницата;<br>-Активна вклученост во поставувањето на приоритетите на училиштето;<br>-Активно учествува во креирање на политика за еколошка заштита и зачувување на животната средина и гради училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието.<br>-Негување заедничка почит, доверба и разбирање;<br>-Заедничка визија за успехот на учениците;<br>-Одржување на високи етички стандарди;<br>-Воспоставеност на јасна и отворена комуникација за отчетноста во работата;…<br><br>УО има воспоставени партнерски односи со раководниот орган на училиштето, стручната служба, наставниците и други заинтересирани страни, како родители, ученици и локална самоуправа.<br><br>УО им обезбедува редовни,детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно образовниот процес.<br><br>**Раководење со училиштето**<br>Директорот е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на училиштето. Директорот ги врши сите работи пропишани во Законот за Основно образование. Директорот раководи со човечките ресурси, педагошко раководење, финансиско раководење во следниве подподрачја: | -Програма за работа на директорот<br><br>-Годишна програма за работа на училиштето<br><br>-Полугодишни и годишни извештаи на училиштето<br><br>-Развоен план на училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| | - Комуникации и односи со јавноста;<br>- Унапредување на меѓучовечките односи;<br>-Професионален и кариерен развој и обезбедување кадар.<br>- Планирање, поддршка на наставата и учењето;<br>-Обезбедување на квалитет,создавање на здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на учениците.<br>- Раководење со финансиски и материјални ресурси.<br><br>Има изградено личен кредабилет и професионален однос кон работата што се заснова врз најнови знаења и вештини, вклучувајќи и способност успешно да делегира, да комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Детектира и се фокусира на јасни приоритети воочени во развојниот план/програма преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето внимание го става постигнувањето на учениците и подобрувањето на училиштето.<br><br>Раководниот орган на училиштето го поддржува реализирањето на еколошките содржини, спроведува училишна политика во која се афирмира инклузивноста, безбедноста и меѓуетничката интеграција во училиштето.<br><br>Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница.<br><br>Бара и ги оправдува погледите и мислењата на училишниот одбор, родителите и други партнери на заедниците во процесот на донесување на одлуки.<br><br>Директорот формира тим за односи со јавност за презентација на училиштето (кој наставници ќе бидат вклучени, поттимови за разни активности).<br><br>Планира состаноци со вработените и навремено ги информира вработените. Конструктивно ја насочува дискусијата, има стратегија за градење и одржување на угледот на училиштето. Има план за привлекување на ученици како резултат на квалитетот на наставниците и наставата. Ги поттикнува наставниците за вклучување во активностите за презентација на училиштето. Креира промени и поттикнува цели. Планира | -Извештаи од работата на училиштето<br><br>-Самоевалуација и план за развој на училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| | потребен персонал, спроведува интервју со потенцијални кандидати за вработување, обезбедува стручен и компетентен кадар<br><br>Препознава и наградува индивидуални достигнувања. Го води процесот на изработка на различни видови планови во училиштето и обезбедува да бидат вклучени актуелни приоди, програми, проекти (мултикултурализам, меѓуетничка интеграција во образованието, еко проекти и сл.). Формира работни тимови, учествува и ја следи изработката на годишната програма на училиштето. Изготвува оперативни и неделни планови за сопствената работа. Ги презентира годишните и развојни планирања пред органите и телата на училиштето и локалната заедница.<br><br>Иницира, координира и насочува активности во наставата. Следи наставни часови и дава повратна информација. Ја следи и вреднува ефикасноста на работата во училиштето (распоред на часови, наставни и воннаставни активности, вонучилишни активности).<br><br>Учествува во проценката на инструментите и техниките за самоевалуација на работата на наставниците и стручните соработници. Води соодветно инструктивни разговори со наставниците, учениците и родителите. Обезбедува размена на добри практики на иновативна настава во рамки на училиштето.<br><br>Пронаоѓа можни извори на дополнително финансирање и презема активности за обезбедување дополнителни средства за училиштето. Го следи наменското трошење на средствата во согласност со одобрениот буџет на училиштето. Буџетот го користи за различни цели фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и развојот на училиштето во целина. Постапките за финансиското работење што ги спроведува се во согласност со законските акти. Обезбедува навремено исполнување на деловните обврски. Јавните набавки ги врши согласно законот. Обезбедува услови за транспарентно усвојување на завршната сметка. Континуирано ја следи законитоста во финансиското работење.<br>Директорот ја следи организацијата и реализацијата на воспитно-образовната работа и другата стручна-педагошка работа во училиштето. Донесува одговорни одлуки, иницира и успешно раководи со промените во образовниот процес. | |

| | | |
|---|---|---|
| | Идентификува и се фокусира на јасни приоритети произлезени од развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето внимание ги става постигањата на учениците, осовременување на наставната технологија, создавање на креативна средина за настава и учење, следење на развојниот план, влучување на наставниците и стручните соработници во развојните политикии промовирање на добри училишни практики.<br>Раководниот орган има стратешка определба заснована на јасна визија Има праеведен однос кон сите вработени, родители и ученици. Колективот, родителите и учениците го почитуваа директорот како одговорен, правичен и стручен. Внесува промени, добро определува цели, раководи со проекти и промени. Овозможува демократска размена на мислење, почитува мислење при одлучувањет и ги стимулира стручните активи да се насочуват кон професионален развој.<br><br>Во соработка со одговорните на стручните активи ги идентификува потребите од нагледни средства и потрошен материјал и, ги идентификува потребите од стручна литература и навремено ги набавува. Во соработка со наставниците, родителите, учениците ги идентификува потребите од санации и навремено ги реализира. Преку локалната самоуправа, НВО, проекти ја подобрува инфракструтурата и опремата на училиштето. Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница.<br><br>Директорот води ефикасни и ефективни состаноци на одделенски и наставнички совет и лидерите на активите, генерално, политиките и плановите на училиштето произлегуваат од добри анализи, дискусии, податоци за потреби на училиштето. Врз основа на способностите на наставнот кадар дава задачи и ги вклучува во тимови каде даваат свој доприниос. Заедно со вработените, родителите и учениците активно учествува во креирање на целите, стратегиите за развој на училиштето. Обезбедува финансиски средства за професионалниот развој на наставниците и врши интерна дисиминација на наставниот кадар.<br><br>Директорот добро го презентира училиштето пред локалната заедница и надлежните институции. Воспоставува продуктивни партнерства во непосредна и поширока околина. Под негово раководство видливи се | |

| | | |
|---|---|---|
| | подобрувањата на училишната клима, инфраструктурата, професионалниот развој на наставниците, успехот на учениците, учеството на родителите во работата на училиштето, еколошката едукација и меѓуетничките односи. Одговорен за изготвување на годишната програма за работа на училиштето е директорот, а во истата земаат учество стручните соработници, одговорните наставници на стручните активи, училишните организации и др. Изработен е развоен план кој во најголем дел е реализиран.<br>Во раководењето со училиштето учествуваат и наставниците преку активностите на стручните активи (стручен актив на одделенска настава, стручен актив на природно-математичка група предмети, стручен актив на општествено-јазична група предмети и стручен актив на дефектолози во посебни паралелки). Од состаноците на стручните активи произлегуваат иницијативи, предлози и заклучоци кои се рефлектираат во останатите сегменти од раководењето. Придонес во раководењето има и Совет на родители на чии состаноци се разгледуваат и разменуваат информации и иницијативи за успешно реализирање на основната дејност на училиштето. Ученичката заедница составена од претставници на ученици од сите паралелки редовно одржува состаноци на кои се изнесуваат мислења, идеи и иницијативи за подобрување на квалитетот во образовно-воспитниот процес, а воедно преку членовите на УЗ редовно се известуваат на директен начин и останатите чениции за преземените активности . | |
| *Собирање податоци* | *Анализа на податоци* | |
| Интервју со преседател на Училишен Одбор<br><br>Интервју со членови на Училишен Одбор<br><br>Инервју со | *Управување и раководење и креирање училишна политика*<br>За да се добие подетален извештај за Самоевалуација беа користени неколку инструменти за прибирање податоци со цел појасна слика за реализација на подрачјето поточно за индикаторите од истото.<br>Од интервју со претседателот на УО констатирано е деке сите членови се запознаени со нивната програма, нивните надлежности и процедури за реализација на работата на УО. | |

| | | |
|---|---|---|
| Директор<br><br>Интервју со преседаел на Совет на родители<br><br>Интервју со членови на Совет на родители<br><br>Интервју со стручни соработници<br><br>Прашалник за наставници | Установено е дека УО е највисоко тело во училиштето кое ја контролира и одобрува работата на училиштето, ја следи и работата на наставниот кадар и вработените во училиштето.<br>Донесува одлуки и препораки за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето.<br>Од интервјуто утврдивме дека изборот на членовите на УО е изведено регуларно според правилникот за именување УО.<br><br>Од извршеното интервју со Претседателот на Училишниот Одбор беше констатирано дека УО има Деловник, Програма и Статут за работа, соработката меѓу членовите на УО е одлична, како и соработката со Директорот.<br><br>Советот на родители е вклучен во изработката на Годишната програма за работа на училиштето и акционите планови и Советот на родители е вклучен во работата на училиштето. Од родителите и наставниците заклучивме дека сите информации навремено се пренесуваа на родителските состаноци.<br>Од интервју со директорот на училиштето установивме дека надлежностите се:<br>-Комуникации и односи со јавноста;<br>- Унапредување на меѓучовечките односи;<br>-Професионален и кариерен развој и обезбедување кадар;<br>- Планирање, поддршка на наставата и учењето;<br>-Обезбедување на квалитет, создавање на здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на учениците;<br>- Раководење со финансиски и материјални ресурси.<br><br>Орган за раководење и управување редовно и навремено ги идентификува и планира потребите од материјално-технички средства, преку анкетирање на наставниците, индивидуални разговори, увид во постоечката состојба во училиштето, предлог финансискиот план, планот за јавни набавки и Годишната програма за работа на училиштето.<br>Направена е фасада на објект Соколана, реновирани тоалети во зграда во посебни паралелки и е обезбедено средства за треман со сензорна инеграција, оворена сензорна соба.<br>Училиштето редовно изработува проекти со истите аплицира и со добиените средства врши подобрување и осовременување на | |

| | | |
|---|---|---|
| | инфраструктурата во училиштето имајќи ги во предвид зацртаните приоритети.<br><br>Директорот, Училишен Одбор, Советот на родители и Наставничкиот совет има редовна и конструктивна соработка.<br><br>Постојано се следи работата на наставниците, Стручниот актив и постојано соработува и се труди да ги координира, насочува и усмерува барањата на вработените согласно планираните активности.<br><br>Од интервју со претседател и членови на Совет на родители е констатирано дека сите членови се запознаени со работата и програмата на советот и дека се во тек со сите информации, препораки и одлуки кои ги донесува советот.<br><br>Од интервју со директорот констатиравме за кои проекти се застапени во нашето училиште односно се реализирани и се реализираат.<br><br>*Управување и раководење – одговори на анкетни прашања*<br><br>Раководење, управување и креирање училишна политика - спроведена во месец февруари во нашето училиште и на истата одговорија 57 наставници :<br><br>1-се согласувам<br><br>2-делумно се согласувам<br><br>3-не се согласувам | |




1.Директорот има јасна визија за развој на училиштето и е достапен за комуникација 93% од испитаниците се согласуваат а 7% делумно се согласуваат 95% од испитаниците се согласуваат а 5 % делумно се согласуваат




2.Директорот редовно информира за тековните и идните активности за училиштето 95% од испитаниците се согласуваат а 5 % делумно се согласуваат




3.Директорот го мотивира и поддржува  наставниот кадар  во давање на свои идеи и  предлози согласуваат 84% од испитаниците се согласуваат ,12% делумно се согласуваат а 4 % не се согласуваат




4.Директорот може да донесе комплексни или тешки одлуки кога тоа е потребно 93% од испитаниците се согласуваат а 7% делумно се согласуваат




5.Директорот промовира,поттикнува и организира тимска работа 87% од испитаниците се согласуваат,10% делумно се согласуваат а 3% не се согласуваат




6.Запознаен сум со работата и одлуките кои ги носи Училишниот Одбор 52% од испитаниците се согласуваат,42% делумно се согласуваат и 6% не се согласуваат

| | | |
|---|---|---|
| | <br><br>7.Информиран сум од страна на директорот за финансиско работење на училиштето 56.2% се согласуваат, 36.8%делумно се согласуваат7%не се согласуваат. | |
| | **Цели и креирање на училишната политика**<br><br>**Јасност и соодветност на целите**<br>Целите на училиштето се во согласност со образовната политика преку инкорпорација на Законот за основно образование, Статутот на УО, Правилници и останатите подзаконски акти кои ги носи МОН, како и со насоките кои училиштето ги добива од БРО. Со нив се обезбедува квалитетна настава и во нивното креирање учествува наставниот кадар преку тимови. За реализацијата на истите информирани се вработените, родителите и УО.<br><br>**Политики за безбедност и здравје на учениците**<br>Ненасилство, Грижа за здравјето, Безбеден пристап ди интернет, Безбедно користење фотографии на ученици, Однесување и дисциплина во училиштето, Евакуација во случај на опасност, Следење и оценување на учениците, Промовирање на постигнувањата на ученици и вработени, Почитување на разлики. | -Годишна програма за работа на училиштето;<br><br>-Развоен план на училиштето<br><br>-Анкети со наставниците<br><br>-Извештаи од училишна заедница<br><br>-Записници од родителски средби и реализирани активности со родителите во разни |

| | | |
|---|---|---|
| | **Политики поврзани со работата на училиштето**<br>- Политика за доверливост<br>- Политика за промовирање на постигањата на наставниците<br>- Политика за заштита на податоци.<br><br>**Политика за архивирање на училишната документација**<br>Политики поврзани со водењето и менаџирањето, Изведување на самоевалуација, Активна вклученост во развојно планирање, Развивање на професионална свест и одговорност, Промовирање на настаните и достигнувањата на училиштето, Пледење на постигањата на наставниците и давање на повратна информација и инструктивна помош.<br><br>**Политики поврзани со заедницата**<br>- Политика за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот Политика за грижа за учениците од социјално загрозени семејства<br>- Политика за реализирање на хуманитарни акции<br>- Политика за градење на соработка со заедницата (медиуми, институци, соседи, други училишта).<br><br>**Политики поврзани со заштита на околината**<br>- Политика за рационално користење на енергијата<br>- Политика за образование за граѓанско општество<br>- Политика за Еко – училиште<br>- Политика за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот.<br><br>Кодекс за однесување на учениците, интерни правила за изрекување на педагошки мерки, кои произлегуваат од Правилникот за изрекување на педагошки мерки донесен од МОН и кодекс на однесување за вработените. Во изработка на истите беа вклучени учениците и наставниот кадар. Училиштето е отворено за разновидни инцијативи покренати од: воспитно образовниот кадар, учениците, родителите и локалната средина, а се во склад со законските прописи и сите други видови на планирања во училиштето. По разледувањето на иницијативите се донесуваат соодветни одлуки, се информираат заинтересираните страни и се пристапува кон реализација на планираното.<br>Пред почетокот на секоја учебна година, училиштето изработува Годишна програма во која ги планира севкупните активности за реализација на наставните планови и програми. Како и за реализација на воннаставните | работилници,трибини,предавања...<br><br>-План и програма за општествено –корисна работа и здравствена заштита во училиштето<br><br>-Проекти во училиштето<br><br>-План и програма од Еко-одбор<br><br>-Програма за работа на училишна заедница<br><br>-Записници и извештаи од работата на Совет на родители<br><br>-Записници од состаноци од Наставнички совети<br><br>-Куќен ред<br><br>-Кодекс на однесување на ученици и наставен кадар<br><br>-Правилник за изрекување педагошки мерки<br><br>-Правилник за освоени награди |

| | | |
|---|---|---|
| | активности. Во Годишната програма се дадени и приоритетни задачи за работа на училиштето кои произлегуваат од долгорочните цели дадени во Развојниот план на училиштето. Годишната програма се разгледува од страна на Наставничкиот совет, Училишниот одбор ја предлага за усвојување на Советот на Општината. Процедурата за донесување на Годишна програма е целосно запазена<br><br>**Процедури за креирање на училишната политика**<br><br>Во постапките за креирање на училишната политика вклучени се: наставниот кадар, родителите, учениците, основачот Општина – секторот за образование, при што се почитуваат насоките дадени од МОН и БРО. Информирањето на заинтересираните субјекти (наставници, ученици и родители) се врши преку писмени документи доставени до субјектите, огласната табла, но и усно преку индивидуални и групни средби. Во креирањето на политиката на училиштето вклучена е безбедноста и грижата за здравјето на учениците преку разновидни активности. На учениците им се овозможува да учествуваат на манифестации по повод одбележување на: културно уметнички, историски, еколошки, спортски активности, собирни акции и сл.<br><br>Нашето училиште има изработено четиригодишен Развоен план во кој јасно се дефинирани приоритетите на работењето и според кој успешно се реализираат целите според предвидената динамика која и претходи на оваа самоевалуација. Со дефинираните развојни цели кои произлегуваат од мисијата и визијата на училиштето се постигаат повисоки знаења и вештини и се индикатори за успешноста на работењето на училиштето. Со планот за евалуација, се планираат начините на следење и вреднување на оставрувањето на развојните цели, притоа за постигнатата релизација училиштето ги информира настанвиците, учениците, родителите и локалната заедница и, сите заеднички настојуваат да се идентификуваат потребите од следните развојни цели. Вработените се вклучени во процесот на креирање на развојниот план на училиштето, а при креирањето се консултирани учениците и родителите.<br><br>Училиштето има Куќен ред и Правилници за дициплинска одговорност и дисциплински мерки. Се користат и позитивните законски прописи кои се однесуваат на овие прашања. Во согласност со Куќниот ред и | |

| | | |
|---|---|---|
| | Правилниците класниот раководител, наставничкиот совет како и директорот можат да изречат педагошки мерки за ученикот во зависност од прекршкот. Во училиштето нема примери за сексуално злоупотребување и дискриминација.<br><br>Одговорен за креирање на училишната политика е директорот, Училишниот одбор и социологот и педагогот. За креирање на училишната политика се информираат сите заинтересирани субјекти. Наставниците се информираат и земаат учество во крирањето на училишната политика преку Наставнички совет, родителите преку Советот на родители, а учениците преку класниот раководител и преку училишна заедница.<br><br>За унапредување на здравјето на учениците се спроведуваат редовни систематски прегледи и вакцинирање на учениците, на класните часови се одржуваат предавања на одредени теми поврзани со здравјето, а редовна е соработката и со Црвениот крст и други здравствени институции и стручни лица (најразлични предавања, дискусии, делење на брошури, итн). Истите земаат учество на сите организирани активности од страна на општинскиот Црвен крст (натпревари, работилници итн.).<br><br>Училиштето е подготвено за преземање на мерки за заштита, спасување и помош на луѓето, материјалните вредности и објектите во услови на нивно загрозување од разни опасности.  Програма за работа на Црвен крст, Извештаи од освоени места на натпревари, Дневникот на паралелката на учениците кои се посебно талентирани и остваруваат одлични резултати, училиштето им овозможува и организира консултации и додатна настава, учество на натпревари и сл, а за учениците со послаби резултати се организира дополнителна настава.<br><br>Во училиштето се реализираат активности со родителите: разни работилници, предавање, посета на работни места, вклученост во разни еколошки, општествено-корисни активности.<br><br>Во училиштето се промовираат и активности на вклучување на волонтери посебно од инклузивното образование и мултиетничка интеграција.<br><br>Одговорен за годишното планирање е директорот и училишниот одбор. Во изготвување на годишното планирање учествуваат директорот на | |

| | | |
|---|---|---|
| | училиштето, социологот и тим од социологот и одредени наставници. Годишното планирање ги опфаќа сите податоци кои се потребни реално да ја прикажат сликата за училиштето. При планирањето се имаат во предвид просторните капацитети, бројот на учениците, паралелките, наставниот кадар, распределбата на часови, нагледните средства и материјали. Планирањето се базира врз објективни податоци. Планирањето е реално затоа што се планира она што може да се реализира. Реализирањето на планираното постојано се следи од директорот на училиштето, од социологот, наставниците, училишниот одбор, советот на родители, учениците родителите итн. Во склоп на училиштето постојат подрачни училишта. | |
| *Собирање на податоци* | *Анализа на податоци* | |
| Цели и креирање на училишната политика<br><br>Интервју со Директорот<br><br>Интервју со стручните соработници<br><br>Интервју со претседателот на Совет на родители<br><br>Анкета за наставници | Од интервјуто со Директорот утврдивме дека целите кои ги остварува училиштето преку образовниот процес се во согласност со Законот за образование и укажувањата од Бирото за развој. При изготвување на истите вклучени се Директорот и стручните соработници во согласност со Бирото за развој и другите релевантни тела преку работилници, состаноци и размена на мислења.<br>Во креирањето на училишната политика покрај директорот активно учество земаат: наставниците, стручните соработници, родителите и стручните органи и тела. Куќниот ред на училиштето е изготвен според правилникот за изрекување на педагошки мерки, законот за основно образование, Статутот на училиштето и врз основа на зедничките споделени стандардни вредности.<br>Од интервјуто на стручните соработници (педагог и психолог) утврдивме дека учествувале во изготвувањето на Годишната програма на училиштето. Дека во училиштето постојат активности за работа со талентираните ученици како што се: откривање при упис во прво одделение со примена на тестови, следење преку одделенски совети, вклучување во додатна настава, следење на постигнати резултати од натпревари и пофалување. За ученици со проблеми во развојот водат евиденција во посебна тетратка за советодавна работа.<br>Советот на родители при изготвувањето на Годишната програма за работа на училиштето беше вклучен преку предлози и сугестии.<br>Со онлајн анкетниот прашалник кој беше пополнет електронски на апликацијата Microsoft Forms беше пополнет од 56 наставници и од | |

| | | |
|---|---|---|
| | одделенска и од предметна настава. Добиените резултати од анкетираните наставници се следниве.<br><br>На прашањето:<br><br>• Училиштето има јасно дефинирани цели и активности за неговата мисија и визија 89,3 % од наставниците се согласуваат, 10,7 % делумно се согласуваат<br><br><br><br>• Директорот во училиштето ги почитува предлозите имислењето на вработените и поттикнува професионален однос кон работата, 89,3 % се согласуваат, 6,7 % делумно се согласуваат и 4 % не се согласуваат. | |




- Училишниот одбор е конституиран согласно законска регулатива и работи според Деловник за работа 91,1% од испитаниците се согласуваат, 8,9 % делумно се согласуваат.




- Совет на родители навремено и јасно пренесува за сите одлуки донесени  за време на состаноците 94,6 % се согласуваат а 5,4 % делумно се согласуваат




- Стручните соработници на учениците им ја даваат потребната поддршка и помош 76,8 % од испитаниците се согласуваат, 23,2 % делумно се согласуваат




- Училиштето доследно ги спроведува планираните активности од годишната програма 92,7% од испитаниците се согласуваат, 7,3 % делумно се согласуваат




- Наставниот кадар редовно организира родителски средби и известува за успехот на учениците 96,4% се согласуваат, 3,6% делумно се согласуваат




- Училишниот парламент работи на транспарентен и демократски начин 90,9% од испитаниците се согласуваат а 9,1 % делумно се согласуваат




- Учениците кои е посебно талентирани,училиштето им овозможува додатна настава ,учество на натпревари 92,9 % се согласуваат а 7,1 % од испитаниците не се согласуваат




- Учениците со посебни образовни потреби добиваат стручна дефектолошка помош во учењето 71,4 % од испитаниците се согласуваат,25 % делумно се согласуваат ,3,6 % не се согласуваат

| | | |
|---|---|---|
| | <br><br>• Училиштето има изготвено куќен ред и правилници за правилно однесување во училиштето 89,3 % се согласуваат, 10,7 % не се согласуваат<br><br><br><br>• Во училиштето се промовираат активности поврзани со мултиетничка интеграција и инклузивно образование 85,7 % од испитаниците се согласуваат 14,3 % делумно се согласуваат | |

| | | |
|---|---|---|
| | <br><br>• Во нашето училиште редовно се реализираат планирани систематски прегледи на вработените и учениците 98,2 % од испитаниците се согласуваат ,1,8 % делумно се согласуваат.<br><br> | |
| | **Развојно планирање** | |
| Цели на развојното планирање | **Цели на развојно планирање**<br>Во училиштето постои план за развој. Во него се опишани целите кои се јасни и во склад со мисијата, визијата и вредностите на училиштето. Преку | -Развоен план на училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| | едукации за наставен кадар добиени од проекти на кои училиштето аплицирало. Преку формирање на тимови од наставници за интерни обуки на наставниот кадар. Постојано следење на стручна литература, посета на семинари организирани од Биро за развој на образованието и другите стручни институции, стручно усовршување во рамките на училиштето преку стручните активи и други облици на стручно усовршување.<br><br>Училиштето постојано ги идентификува потребите за стручно усовршување на наставниот и стручниот кадар. Во соработка со МОН и Бирото за развој на образованиоето на РМ, директорот, стручната служба, наставниците и административно-техничкиот персонал постојано се стекнуваа со нови знаења и професионално се усовршуваа и надградуваа. По извршените обуки се утврдуваат придобивките, се вршат дисеминации на другите наставници и воедно се следи нивната реализација.<br><br>Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката на нивното реализирање и постигнатите резултати преку состаноци на стручните органи и тела и преку родителско-наставнички средби. За годишното планирање во училиштето одговорен е Директорот во соработка со стручниот тим во состав: - претседатели на стручни активи и стручни соработници кои ја изготвуваат Годишната програма за работа на училиштето. Членовите на стручните активи даваат свои размислувања за насоки и квалитет на Годишната програма.<br><br>Предлозите и размислувањата на стручните активи преку нивните претставници се разгледуваат на заедничките средби и се имплементираат во новата годишна програма. Преку дефинирање на приоритетните задачи во годишната програма се врши краткорочно планирање на целите кои што од своја страна произлегуваат од Законот за основно образование, Концепцијата за деветгодишно образование и Развојниот план на училиштето. Планирањето се базира врз податоци од: состаноците на стручните активи,предлозите на наставничкиот совет, одделенските совети, советот на родители на училиштето, училишниот одбор. Други инструменти вклучени за развојното планирање се: Календарот за работа, моделот за следење на наставен час. | -Записници од Наставнички Совет и Стручен актив<br><br>-Годишната програма за работа на училиштето<br><br>-Развојна програма<br><br>-Годишни извештаи за работата на училиштето<br><br>-Училишен одбор<br><br>- Совет на родители<br><br>-План за професионален развој<br><br>-Наставничко портфолио<br><br>-Анкети спроведени со наставници за посетени обуки, семинари |

| | | |
|---|---|---|
| | **Професионален развој/стручно усовршување на кадарот**<br><br>Темите за стручно усовршување на наставниот кадар кои ги избира училиштето се во склад со Развојното планирање на училиштето и приоритетните задачи во Годишната програма. Стручното усовршување се базира врз прифатени проекти и во согласност со реализацијата на концепцијата за деветгодишно образование. Училиштето има воспоставено процедура преку која што се врши дисеминација. Обучените наставници го споделуваат своето стекнато знаење преку однесуваат на правилната исхрана, хигиената и сексуалното здравје.<br><br>Вработените од нашето училиште имаат посетено голем број на обуки, семинари, работилници и друг вид на стручно усовршување.<br><br>Вработените од училиштето се опфатени во обуките или преку директно учество на одреден семинар или преку дисеминација на стекнатите знаења и вештини преку Стручни активи, работилници, предавања и сл. во училиштето.<br><br>Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално - технички средства и континуирано ги планира и обезбедува ( на состаноци на Наставнички совет, Стручни активи, непосредни разговори).<br><br>Планирањето за набавка на истите го прави Раководниот орган на училиштето, во соработка со вработените.<br><br>Раководниот орган постојано ги следи сите законски промени во доменот на образованието и ги почитува сите укажувања од Просветниот инспекторат, Бирото за развој и секоторот за основно образование при МОН. Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Постојните нагледни средства и опрема се во функција и оптимално се користат. Во исто време, училиштето обезбедува и средства за нивно одржување и врши замена на дотраените или нефункционални технички уреди со цел поуспешно реализирање на наставата, користејќи и ИКТ во наставата. | -План за професионален развој<br><br>-Анкети со наставници за потребите од посетување на семинари, обуки |

| | | |
|---|---|---|
| | Наставниците редовно ги мотивираат и поддржуваат учениците да учествуваат на натпревари и конкурси. Како резултат на ова се огромниот број на освоени награди на ниво на училиште, општина, град и република.<br><br>Комуникацијата и соработката со наставниците се одвива секојдневно преку секојдневните контакти и преку Наставнички совет на кој се донесуваат заклучоци и одлуки кои раководниот тим е должен да ги реализира. Со родителите соработката е преку Совет на родители на паралелките и Советот на родители. Учениците преку класните заедници и Младинската училишна заедница остваруваат соработка со раководниот тим и со стручната служба.<br><br>**Материјално-технички средства**<br><br>Училиштето редовно и навремено ги идентификува и планира потребите од материјално - технички средства, индивидуални разговори, увид во постоечката состојба во училиштето, предлог финансискиот план, планот за јавни набавки и Годишната програма за работа на училиштето. Обезбедувањето на материјалнотехничките средства претставува потешкотија заради ограничените материјалнофинансиски средства. Постоечките нагледни средства се во функција на наставата, со можност за континуирано обновување со нови нагледни средства.<br><br>**Инфраструктура**<br>Училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето, покрај средствата , обезбедува и сопствени средства кои не се доволни за наменско инвестирање во училиштето. Училиштето има воспоставена соработка со локалата самоуправа и заедница во однос на подобрување на инфраструктурата. Училиштето е лоцирано во центарот на градот и опфаќа ученици од централното подрачје, реонот Соколана и селата Пчиња и Студена Бара кои се во состав на училиштето. Работи во пет училишни згради и фукционира како Централно училиште со две подрачни и едно училиште за деца со Посебни образовни потреби и тоа на следниве локации: | -План за јавни набавки<br><br>-Апликации за обезбедување средства<br><br>-Пописни листи |

| | | |
|---|---|---|
| | 1.Во централната училишна зграда има вкупно 29 паралелки,20 паралелки од предметна настава, 9 паралелки од одделенска настава,1 спортска сала.<br>Во предметната настава  училниците се опремени и осовремени за настава  има  2 кабинета по информатика . Во склоп на оваа зграда работи и училишната библиотека опремена со книги, лектирни изданија, енциклопедии и нуди можност за компјутерски истражувачки активности на учениците како и просторија за мала сала која служи за приредби, прослави и други активности. Има наставнички канцеларии, канцеларии за директор и стручни соработници,помошни простории и тоалети.<br>2.Во втората зграда која се наога на улицата „Тонко Димков“ бб., се изведува настава на ученици од реонот на Соколана од 1-5 одд.  како и сите петти одделениа или вкупно има 9 (девет) паралелки. Во оваа зграда има: 9 училници  една училница е обновена и прилагодена за реализирање на часови  по ФЗО, наставничка канцеларија, 2 помошни простории за технички персонал.<br>3.Во третата зграда која се наоѓа на улицата „Тане Георгиевски“бб. наставата  се изведува за ученици со посебни потреби . Во оваа зграда има 9 училници за ученици со посебни потреби, 7 училници за ученици од редовни паралелки од трето и четврто одделение, наставничка канцеларија, спортска сала и помошни простории, тоалети.<br>4.Во четвртата зграда е подрачното училиште во с.Пчиња  и опфаќа ученици кои гравитираат кон тој реон. Во оваа зграда  има  6 училници за ученици од прво до деветто одделение, наставничка канцеларија, помошни простории и тоалет.<br>5.Во петтата зграда која е лоцирана во с.Студена Бара учат ученици од тој реон и тоа  2 училници за две  комбинирани паралелки од 1-5 одделение, наставничка канцеларија.<br>Нашето училиште секогаш се стреми за професионален развој и стручно усовршување на кадарот и има изготвено програма за стручно усовршување на вработените во одделенска и предметна настава, вклучувајќи и обуки за работа со ученици со посебни образовни потреби. Финансиската поддршка за обезбедување на овие средства ја дава МОН, донации и др. Исто така, разни проектни ангажмани, резултираат со набавка на материјално - технички средства. Училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето. Училиштето има воспоставена соработка со локалната самоуправа и заедница во однос на подобрување на инфраструктурата. | |

| | | |
|---|---|---|
| | Нашето училиште низ неколку чекори ја подобри својата инфраструктура преку: нова фасада, нови ПВЦ прозори во училиштето, нови врати на училниците, нови влезни врати на централната зграда во училиштето, нови ПВЦ прозори во зграда „Соколана“ и менување дел од изолација која е во функција на заштеда на електричната енергија, реновирање на дел од училници во посебни паралелки, набавени нови столчиња и клупи во одделенска настава. | |
| *Собирање на податоци* | *Анализа на податоци* | |
| Развојно планирање<br><br>Интервју со Директорот,<br><br>Интервју со стручните соработници, Училишен Одбор<br><br>Интервју со претседателот на Совет на родители,<br><br>Анкета за наставници,<br><br>Интервју со секретар | Директорот е во постојана соработка со тимот за развојно планирање Потребите за професионален развој на наставниците постојано се следат преку анкети и работата на стручните активи, реализацијата на проекти и посетата на семинари. Професионалниот развој на наставниците се следи преку портфолија и преку педагошки картон за секој наставник. Стручните соработници постојано и максимално им излегуваат во пресрет на наставниците во поглед на промените на наставните програми.<br>Директорот изјави дека изборот на Училишниот Одбор е регуларен, дека целите на училиштето се во согласносто со целите на државата и локалната образовна политика, дека стручните соработници и наставниците се вклучени во изготвувањето на целите на училиштето, дека училиштето ги зема предвид мислењата на родителите во креирањето на политиката, училишната политика се креира со поставување на приоритети во областа на воспитно-образовниот процес во соработка со стручните соработници и наставниот кадар.<br>Директорот соработува со тимот за развојно планирање, ги следи потребите за професионален развој на наставниците, ги идентификува потребите за нагледни средства и планира набавка на истите. Во Годишната програма вклучени се планови и цели за подобрување на инфраструктурата.<br>Од извршеното интервју со стручните соработници беше констатирано дека учествуваат во изработката на Годишната програма на училиштето, училиштето креира политика за работа со талентираните ученици, ученици со посебни пореби и навремено ги идентификува потребите за професионално усовршување на наставниците, преку професионално досие го следи професионалниот развој на наставниците. | |

## Подрачје V Комуникации и односи со јавноста

| *Подрачје 5* | *Индикатори на квалитет* | *Теми* |
|---|---|---|
| 5.1 | Комуникации на ниво на училиште | Комуникација: директор - вработени<br>Комуникација: стручен соработник – наставник<br>Комуникација: наставник – наставник<br>Комуникација : наставник/стручен соработник со административно технички персонал<br>Комуникација на состаноците на Наставничкиот совет, одделенски совет и стручни активни |
| 5.2 | Комуникации на ниво на училница | Комуникација: ученик-ученик<br>Комуникација: наставник-ученик<br>Комуникација: стручен соработник-ученик |
| 5.3 | Комуникација со окружување на училиштето | Комуникација со родителите на учениците<br>Комуникации со институциите од централно ниво : МОН, БРО, ДИЦ,ДИЦ<br>Комуникација со : институциите од Локалната самоуправа- Градоначалник, општински совет и јавни установи<br>Комуникација со други образовни институции во Република Северна Македонија и странство<br>Комуникација со граѓански здруженија и донатори |

| *Теми* | *Констатации, собрани податоци* | *Извори на податоци* |
|---|---|---|
| Комуникација: директор - вработени | **Комуникации на ниво на училиште**<br>Што се однесува до нивото на комуникација помеѓу директор, помошник директор со останатите вработени може да се каже дека е на сосема | -Прашалник за наставници и стручни соработници<br>-Интервју со вработени |

| | | |
|---|---|---|
| | коректно и задоволително ниво. Најголемиот број од наставници и останати вработени се изјасниле дека се задоволни со начинот на кој комуницираат со директорот.<br>Информациите се споделени навремено и точно што во многу влијае на оставрување на квалитетен воспитно образовен процес.<br>Оваа комуникација континуирано се реализира преку средби во текот на неделата, Наставнички совет, Стручни активи, посета на часови. Социјалните мрежи  на кои постои група за вработени во училиштето се користи како платформа за пренесување на корисни информации на дневно ниво проследени со задолженија и напатствија за работа. Воедно платформата Microsoft Teams е алатка со помош на која комуникацијата во секое време се подига на повискоко ниво.<br>На редовно одржаните Наставнички совети наставниците и сите останати вработени се информираатза законските измени и навремено споделуваат информации за непречено реализирање на наставата, но и бараат предлози за подобрување на севкупното работење на училиштето.<br>Вработените редовно се информираат за превземените активности од страна на директорот и имаат можност за вклучување во активностите за одредување и реализација на училишните приоритети.<br>Комуникацијата се одвива преку следење, анализирање, информирање, координирање, пофалување и заедничко решавање на прашањата во однос на сите подрачја.<br>Најголем број на наставници се изјасниле дека постои добра комуникација и имаат можност да учествуваат во одредување и реализирање на училишните приоритети. | -Анализа на документација |
| Комуникација: стручен соработник – наставник | Во однос на комуникацијата помеѓу наставниците и стручните соработници во училиштето најголемиот број од испитаници се изјасниле дека се задоволни.<br>Комуникацијата се одвива преку давање помош и насоки за изготвување на годишните, тематските и дневните планирања од страна на педагогот, психолог и социолог кои најмалку два пати годишно вршат посета на часовите на секој наставник, со посебен акцент на помош за приправници.<br>Од страна на дефектологот во училиштето наставниците добиваат поддршка во однос на работа со ученици со посебни образовни потреби, вклучително и во изработка и имплементација на ИОП како и на модифицираната програма која се изготвува за ученици со комплексни оштетувања кои сепак се инклузирани во редовното образование. | -Прашалник за наставници и стручни соработници<br>-Интервју со вработени<br>-Анализа на документација |

| | | |
|---|---|---|
| | Наставникот добива подршка и насоки при реализација на дополнителана, додатна настава и вонаставни активност. Редовно се вршат десиминации на обуки за сите во ведени новини и измени во воспитно-образовниот процес.<br>Стручните соработници даваат насоки и секогаш учествуваат во заедничко работење со стручните тимови во училиштето. Се дава поддршка за секој вид проект, како и при решавање на конфликтни ситуации во училиштето. Постои соработка и во идентификување на деца со ПОП, емоционални и други потешкотии и изнаоѓање начини за нивно делумно или целосно надминување.<br>Целта на комуникацијата на педагогот, психолог, дефектолог, социолог, логопедот и библиотекарот со наставниците е постигнување на резултати во воспитно-образовниот процес, соработка и пријателски однос. | |
| Комуникација: наставник – наставник | Што се однесува до комуникацијата помеѓу самите наставници најголем број се задоволни од соработката меѓу наставници од иста или различна група на предмети. Комуникација се одвива преку размена на искуства и идеи на ниво на стручни активи (размена на наставни практики, усогласување на критериуми за оценување, отворени часови, дисеминација по спроведени обуки на ниво на училиште.<br>При имлементација на проектите од Еразмус програмата се добива непречена шанса за соработката со наставници од други училишта од општината како и училишта надвор од Република Северна Македонија. | -Прашалник за наставници и стручни соработници<br>-Интервју со вработени<br>-Анализа на документација |
| Комуникација : наставник/стручен соработник со административно технички персонал | Поголемиот број наставници се задоволни од соработката помеѓу наставникот / стручениот соработник и административно техничкиот персонал. Постои непречена и коректна комуникација. Навремено се доставуваат информации за законските измени кои се од интерес на вработените и достапност до информации за непречено реализирање на работните обврски.<br>Поголем број од наставници се задоволни и од функционирањето и сервисирање на опремата од страна на тимот за сервисирање на ИКТ опрема и наставните средства од страна на хаусмајстор, а се води и грижа за хигената во училиштето. | |
| Комуникација на состаноците на Наставничкиот совет, оддленски | Најголемиот број на вработени позитивно се изјасниле што се однесува до комуникацијата на Наставничките совети, Одделенските совети и Стручни активи.<br>Во нашето училиште редовно и навремено се одржуваат планираните состаноци на кој се даваат предлози за подобрување и дополнување на | -Прашалник за наставници и стручни соработници<br>-Интервју со вработени<br>-Анализа на документација |

| | | |
|---|---|---|
| совет и стручни активни | наставните планови и програми и за подобрување на севкупното работење на училиштето<br>Состаноците на паралелката се одржуваат согласно предвидената динамика во годишната програма за работа на училиштето. Од страна на наставниците се даваат предлози за подобрување на наставниот процес, се вршат редовни анализи на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците, и се даваат предлози за подобрување на постигањата на редовноста и дисциплината на учениците.<br>Со добиваат навремени информации  и подкрепени со дополнителни напатствија за делување што се однесува до  спроведување на инклузивниот процес во училиштето.<br>Се даваат предлози за подобрување на планирањата на часовите, примена на нови форми и методи и техники на учење. Се даваат предлози за меѓупредметна интеграција, за поголема применана ИКТ.<br>Стручните активи превземаат активности за подобрување на наставата и оценувањето на учениците и се превземаат активности за планирање на часови и воннаставни активности како и предвидените екскурзии и прошетки согласно годишната програма на училиштето. | |
| | *Анализа на податоци*<br><br>Обработени податоци од анкета за наставници и стручни соработници<br><br>Прашања употребени во анкетата за наствpacket и стручни соработници од индикатор - Комуникација на ниво на училиште. | *Собирани податоци* |

Табела 1 Комуникација помеѓу директорот и вработените

| 1. Постои добра комуникација помеѓу директорот и вработените | |
| --- | --- |
| Потполно се согласувам | 35 |
| Воглавном се согласувам | 5 |
| Делумно се согласувам | 3 |
| Не се согласувам | 2 |

Графикот 1 Комуникација помеѓу директорот и вработените



Табела 2 Можност за вклучување во активностите

| 1. Вработените имаат можност за вклучување во активностите за одредување и реализација на училишните активности | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 30 |
| Воглавном се согласувам | 10 |
| Делумно се согласувам | 4 |
| Не се согласувам | 1 |

Графикот 2 Можност за вклучување во активностите



Табела 3 Поддршка од страна на стручната служба

| 1. Вработените добиваат поддршка од страна на стручната служба при решавање на конфликтни ситуации | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 26 |
| Воглавном се согласувам | 21 |
| Делумно се согласувам | 8 |
| Не се согласувам | 0 |

Графикон 3 Поддршка од страна на стручната служба



Табела 4 Поддршка при реализација

| 4. Секој наставник добива поддршка при реализација на редовната, дополнителната и додатна настава, отворени часови и воннаставни активнивности. | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 32 |
| Воглавном се согласувам | 13 |
| Делумно се согласувам | 0 |
| Не се согласувам | 0 |

Графикон 4 Поддршка при реализација



Табела 5 Соработка помеѓу наставниците

| 5. Постои соработка помеѓу наставниците од иста и различна група предмети. | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 27 |
| Воглавном се согласувам | 12 |
| Делумно се согласувам | 3 |
| Не се согласувам | 2 |

Графикон 5 Соработка помеѓу наставниците



Табела 6 Размена на искуства

| 6. Наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на стручни активи | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 25 |
| Воглавном се согласувам | 19 |
| Делумно се согласувам | 1 |
| Не се согласувам | 0 |

Графикон 6 Размена на искуства



Табела 7 Навремени информации

| 7. Се обезбедуваат навремени информации за сите законски измени кои се од интерес на вработените. | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 20 |
| Воглавном се согласувам | 22 |
| Делумно се согласувам | 1 |
| Не се согласувам | 0 |

Графикон 7 Навремени информации



Табела 8 Грижа за степенот на хигиената

| 8. Се води грижа за степенот на хигиената на училиштето | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 15 |
| Воглавном се согласувам | 15 |
| Делумно се согласувам | 13 |
| Не се согласувам | 0 |

Графикон 8 Грижа за степенот на хигиената



Табела 9 Планираните состаноци на Наставнички совет

| 9. Редовно се одржуваат планираните состаноци на Наставнички совет. | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 43 |
| Воглавном се согласувам | 2 |
| Делумно се согласувам | 0 |
| Не се согласувам | 0 |

Графикон 9 Планираните состаноци на Наставнички совет



Табела 10 Состаноци

| 10. Состаноците се оддржуваат согласно предвидената динамика во Годишната програма за работа на училиштето. | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 42 |
| Воглавном се согласувам | 3 |
| Делумно се согласувам | 0 |
| Не се согласувам | 0 |

Графикон 10 Состаноци



Табела 11 Редовни анализи на постигањата

| 11. Се вршат редовни анализи на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците поединечно, на ниво на паралелка и на ниво на училиште. | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 40 |
| Воглавном се согласувам | 5 |
| Делумно се согласувам | 0 |
| Не се согласувам | 0 |

Графикон 11 Редовни анализи на постигањата



Табела 12 Активности за подобрување на квалитетот на наставата

| 12. Се превземаат активности за подобрување на квалитетот на наставата | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 29 |
| Воглавном се согласувам | 15 |
| Делумно се согласувам | 1 |
| Не се согласувам | 0 |

Графикон 12 Активности за подобрување на квалитетот на наставата



Табела 13 Стандардите и критериумите за оценување

| 13. Се врши подобрување на стандардите и критериумите за оценување. | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 30 |
| Воглавном се согласувам | 13 |
| Делумно се согласувам | 2 |
| Не се согласувам | 0 |

Графикон 13 Стандардите и критериумите за оценување



Табела 14 facebook група за размена на мислења

| 14. Се формира facebook група за размена на мислења и искуства за подобрување на севкупната работа на наставниците. | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 43 |
| Воглавном се согласувам | 2 |
| Делумно се согласувам | 0 |
| Не се согласувам | 0 |

Графикон 14 facebook група за размена на мислења




| | | |
|---|---|---|
| Комуникација : ученик-ученик | **Комуникации на ниво на училница**<br>Што се однесува до комуникацијата помеѓу учениците, од страна ана стручната служба и директор се превземаат сите мерки на транспарентен и демократски начин да се врши избор на претставниците во ученичките заедници. | -Прашалник за наставници и стручни соработници<br>-Интервју со вработени<br>-Анализа на документација<br>-Интервју со ученици |

| | | |
|---|---|---|
| | Постои меѓусебна соработка за помош при совладување на одредени наставни содржини и помош на ученици од социално ранливи категории и др .вид на проблеми.<br>Се организираат работилници и активности за почитување на различностите како и работилници и советодавни разговори од страна на стручната служба и директорот во врска со зголеменото ниво на меѓуврсничко насилство кое последните години е забележано. | |
| Комуникација: наставник-ученик | Најголемиот дел од испитаниците се изјасниле дека постои соработка помеѓу наставниците и учениците, добра комуникација со учениците, еднаков приод и взаемна почит.<br>За време на часовите се превземаат активности за обезбедување на пријатна атмосфера за работа со давање на постојана усна и пишана повратна информација за постигање на учениците.<br>Наставниците редовно даваат поддршка на учениците со ПОП, емоционални социјални и здравствени потешкотии.<br>Се дискутира за зголеменото ниво на насилство помеѓу учениците и се даваат насоки и совети за негово елиминирање како една негативна појава која е потребно да биде искоренета во целост. | - |
| Комуникација: стручен соработник-ученик | Нивото на комуникација помеѓу стручните соработници и учениците во нашето училиште се наоѓа на извонредно високо ниво.<br>Учениците се информирани за дејноста што стручниот соработник ја извршува во училиштето и имаат слобода да побараат помош и поддршка од стручниот соработник доколку се соочат со било каков проблем.<br>Стручниот соработник дава информации и спроведува активности при професонална ориентација како и ги информира учениците за нивните права и обврски како и активности кои ги планира училиштето.<br>За подобрување на успехот редовноста и дисциплината стручниот соработник редовно организира советување за учениците.<br>Особена голема улога имаат стручните соработници во зголемувањето на дисциплината и намалувањето на насилство кое се појавува во училиштето со спроведување на голем број советодавни работилници и истражувања. | -Прашалник за наставници и стручни соработници<br>-Интервју со вработени<br>-Анализа на документација<br>-Интервју си ученици |
| | *Анализа на податоците*<br><br>Прашања употребени во анкетата за наствaници и стручни соработници од индикатор - Комуникација на ниво на училница | *Собирани податоци* |

Табела 15 Соработка помеѓу учениците и наставниците

| Постои соработка помеѓу учениците и наставниците. | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 25 |
| Воглавном се согласувам | 13 |
| Делумно се согласувам | 7 |
| Не се согласувам | 0 |

Графикон 15 Соработка помеѓу учениците и наставниците



Табела 16 Редовна усмена и писмена повратна информација за напредокот

| Се дава редовна усмена и писмена повратна информација за напредокот и постигањата и потребите за нивното подобрување. | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 33 |
| Воглавном се согласувам | 12 |
| Делумно се согласувам | 0 |
| Не се согласувам | 0 |

Графикон 16 Редовна усмена и писмена повратна информација за напредокот



Табела 17 Претставници за ученичка заедница

| Изборот на претставници за ученичка заедница се врши на транспарентен и демократски начин. | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 45 |
| Воглавном се согласувам | 0 |
| Делумно се согласувам | 0 |
| Не се согласувам | 0 |

Графикон 17 Претставници за ученичка заедница



Табела 18 Трибини, работилници и други активности

| Се организират трибини, работилници и други активности за почитување на различностите. | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 25 |
| Воглавном се согласувам | 18 |
| Делумно се согласувам | 2 |
| Не се согласувам | 0 |

Графикон 18 Трибини, работилници и други активности



Табела 19 Редовни информации

| Се даваат редовни информации и се спроведуваат активности при професионалната ориентација и одредување на идното занимање. | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 30 |
| Воглавном се согласувам | 9 |
| Делумно се согласувам | 5 |
| Не се согласувам | 1 |

Графикон 19 Редовни информации



Табела 20 Подобрување на успехот, редовноста и дисциплината

| За подобрување на успехот, редовноста и дисциплината редовно се организираат советувања за учениците. | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 30 |
| Воглавном се согласувам | 13 |
| Делумно се согласувам | 2 |
| Не се согласувам | 0 |

Графикон 20 Подобрување на успехот, редовноста и дисциплината




Комуникација со родителите на учениците

**Комуникација со опкружувањето на училиштето**

Во нашето училиште се препознава дека од особена голема важност е нивото на кое се остварува комуникацијата помеѓу родителите на учениците и самото училиште на сите ниво. Од таа причина се посветува големо внимание активната комуникација со родителите да се одвива непречено преку организирање на редовни но по потреба и вонредни родителски средби кои пак од своја страна според природата на проблемот можат да бидат индивидуални и заеднички.

Советот на родители е препознаен како еднаков партнер во донесувањето на одлуките кои имаат влијание во подигањето на квалитетот во спореведувањето на воспитно образовниот процес и функционира без никакви пречки.

-Прашалник за наставници и стручни соработници
-Интервју со вработени
-Анализа на документација

-Разговор со родители

| | | |
|---|---|---|
| | Навремено се споделуваат секој вид на информации со родителите на учениците. Се организираат голем број на работилници како и проекти. | |
| Комуникација со институциите од централно ниво: МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ | Училиштето има континуирана соработка со релевантните инстиуции од областа на воспитно – образовната дејност преку посетување на семинари, обуки и проекти организирани од МОН и БРО. Соработката со ДПИ се остварува преку редовните контроли од страна на просветните инспектори за воспитно - образовната работа во училиштето и педагошка евиденција и документација. | -Прашалник за наставници и стручни соработници<br>-Интервју со вработени<br>-Анализа на документација |
| Комуникација со: институциите од Локалната самоуправа – Градоначалник, општински совет и јавни установи | Комуникацијата на училиштето со Градоначалникот и Советот на општината се остварува преку членовите на Училишниот одбор кој се избрани од Советот на општината, и преку секторот за образование во општината.<br>Соработката со локалната самоуправа се остварува преку реализирање на проекти кои се значајни за подобрување на условите за работа на училиштето.<br>Комуникацијата на училиштето со јавните установи се остварува преку проекти кои се значајни за подобрување за условите за работа на училиштето.<br>Училиштето соработува со јавни установи во област од здравствена и хуманитара надејност и детските градинки во општината. Комуникација со други образовни институции во РСМ и странство<br>Училиштето има потпишано Меморандум за соработка и заеднички активности со ООУ„Бајрам Шабани“ во рамките на проектот за МИО. | -Прашалник за наставници и стручни соработници<br>-Интервју со вработени<br>-Анализа на документација<br>-Разговор со родители |
| Градоначалник, општинскисовет и јавни установи | Училиштето соработува со јавни установи во област од здравствена и хуманитарна дејност и детските градинки во општината –„Ангел Шајче“ како, дом за стари лица „Зафир Сајто“ и МВР – Куманово проект Безбедни училишта. | -Прашалник за наставници и стручни соработници<br>-Интервју со вработени<br>-Анализа на документација |
| Комуникација со други образовни институции во Република Северна Македонија и странство | Со помош на Еразмус проектите кои обезбедуваат мобилност на наставници и ученици, вработените од училиштето добиваат шанса за размена на искуства во спроведување на воспитно образовните практики со наставници од многу земји во нашето блиско и далечно опкружување.<br>Постои активна соработка и размена на искуства со многу училишта во републиката преку голем број на проекти, посети и заеднички работилници. | |
| Комуникација со граѓански здруженија и донатори | Училиштето делумно остварува комуникација со граѓански здруженија и донатори при реализација на одредени проекти<br>Комуникација со бизнис сектор. | -Прашалник за наставници и стручни соработници<br>-Интервју со вработени<br>-Анализа на документација |

Комуникацијата со донаторите во училиштето делумно ги задоволува потребите, поради што училиштето треба да проектира добра политика во однос на оваа област.

Училиштето комуницира и соработува со Сојуз на Дефектолози на РСМ.

*Аналзиза на податоци*

Прашања употребени во анкетата за наставници и стручни соработници од индикатор – Комуникација со опкружување со училиштето

Табела 21 Континуирана соработка со релевантните институции

| Постои континуирана соработка со релевантните институции (МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ). | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 40 |
| Воглавном се согласувам | 5 |
| Делумно се согласувам | 0 |
| Не се согласувам | 0 |

Графикон 21 Континуирана соработка со релевантните институции



Табела 22 Соработка со други образовни институции

| Училиштето остварува соработка со други образовни институции во Република Северна Македонија и надвор од неа. | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 39 |
| Воглавном се согласувам | 6 |
| Делумно се согласувам | 0 |
| Не се согласувам | 0 |

Графикон 22 Соработка со други образовни институции



Табела 23 Соработка со граѓански здруженија и донатори.

| Училиштето при реализација на проекти, акции и слично остварува соработка со граѓански здруженија и донатори. | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 35 |
| Воглавном се согласувам | 9 |
| Делумно се согласувам | 1 |
| Не се согласувам | 0 |

Графикон 23 Соработка со граѓански здруженија и донатори



Табела 24 Организирани предавања, трибини и извршени посети

| Преку организирани предавања, трибини и извршени посети учениците се запознаваат со одредени дејности од бизнис секторот. | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 30 |
| Воглавном се согласувам | 10 |
| Делумно се согласувам | 5 |
| Не се согласувам | 0 |

Графикон 24 Организирани предавања, трибини и извршени посети



## Подрачје VI Училишна клима и култура

| Подрачје 6 | Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 6.1 | Севкупна грижа за учениците | Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>Превенција од насилство<br>Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>Квалитет на достапна храна<br>Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот<br>Грижа за учениците од социјално загрозени семејства |
| 6.2 | Здравје | Хигиена и заштита од болести<br>Спроведување на точките на акција кои се однесуваат на здравјето согласно воспоставените еко-стандарди<br>Грижа за учениците со здравствени проблеми |
| 6.3 | Советодавна помош за понатамошно образование на учениците | Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување<br>Грижа за учениците со емоционални потешкотии |
| 6.4 | Училишна клима и односи во училиште | Кодекс на однесување<br>Училишна клима<br>Поведение и дисциплина во училиштето<br>Учество на учениците во решавање на проблеми и донесување  одлуки<br>Углед/имиџ на училиштето<br>Реализација на точките на акција од третиот и четвртиот еко-стандард |
| 6.5 | Промовирање на постигањата | Промовирање на личните постигања на учениците |

| | | |
|---|---|---|
| | | Промовирање на постигањата во име на училиштето<br>Реализација на шестиот чекор од еколошката програма (Информирање и вклучување на поширoката заедница) |
| 6.6 | Еднаквост и правичност | Познавање на правата на децата<br>Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот<br>Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот преку проектот Меѓуетничка интеграција во образованието. |

| *Теми* | *Констатации, собрани податоци* | *Извори на податоци* |
|---|---|---|
| Заштита од физички повреди и елементарни непогоди | **Севкупна грижа за учениците**<br>Училишниот простор е безбеден за изведување настава и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците, со исклучок на Централната зграда. Поради протекување на кровната конструкција во Централната зграда, вториот спрат не се користи за изведување на воспитно-образовниот процес поради поплавени училници и ходници, испукани ѕидови, појава на мувла и непријатна миризба и понекогаш проблеми со електрична енергија поради влага. Од тие причини училиштето се соочува со недостаток на училници. Во учебната 2021/2022 година наставата во Централната училишна зграда се одвиваше комбинирано: on-line и со физичко присуство. Во учебната 2022/2023 година наставата во училиштето се одвива со физичко присуство но дел од паралелките наставата ја реализираат во СОУГ „Гоце Делчев“ (III оддлеление) и зграда „Карпош“ (IX оддлеление) .<br>Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедноста на учениците во текот на наставата во училишната зграда. Има изработено план за заштита и спасување. Донесен е интерен акт (упатство) за постапување (евакуација) во случај на елементарни непогоди, и се изведуваат симулации. | -Процедури<br>-План за заштита и спасување<br>-Противпожарни апарати<br><br>-Програма за кризна интервенција<br><br>- Упатство за постапување (евакуација) во случај на елементарни непогоди)<br><br>-Ознаки и обуки<br><br>-Потврда за посетена обука<br><br>-Наставен план и програми |

| | | |
|---|---|---|
| | За сите потенцијално опасни места во училиштето (штекери, скали, лизгави површини), учениците се обучени како да се однесуваат кон нив.<br>Учениците во текот на практичната настава по предметите: ТО, физика, хемија и физичко и здравствено образование, вршат експерименти и користат хемикалии, алати, прибор и справи за вежбање само под надзор и во присуство на соодветниот наставник.<br>Во училиштето има обучен кадар за давање прва помош, но има потреба од дополнителна обука на новovработениот наставен кадар.<br>Потребно е во случај на повреди во училиштето да се постави кутија за прва помош на видно место во холот во училиштето достапна за вработените и учениците.<br>Во училиштето се врши редовна контрола, сервис и замена на апаратите за противпожарна заштита секои 6 месеци од овластен сервис со потпис и печат.<br>За обезбедување на благосостојба на учениците, за време на наставата има дежурни наставници и технички персонал (со однапред изготвен распоред) кои водат грижа за да не настанат проблеми за време на одморите во училиштето. Училиштето има пожарни (панични) светла кои во случај на прекин на електричната енергија би послужиле за означување на влезовите и излезите.<br>Училишниот двор е безбеден за учениците, бидејќи има поставено видео-надзор и порти на влезовите на училишниот двор.<br>За дополнителна заштита на учениците и навремено алармирање на одредени негативни ситуации, спортската сала е под видео надзор.<br>Во учебната 2022/2023 година во училиштето имашедојави за бомби и прекин на наставниот процес. Училиштето спроведе обука за брза евакуација во случај на хибриден напад, го засили дежурството и постави видео надзор. Спроведе неколку вежби за брза евакуација за сите вработени и ученици. При хибридните напади вработените во училиштето, навремено и безбедно ги евакуираа сите ученици и ги информираа надлежните од СВР Куманово.<br>По препорака од Центар за управување со кризни состојби во учебната 2022/2023 година во училиштето се спроведе обука за заштита од земјотреси.<br>*Анкета:*<br>На прашањето: Училишниот простор и инфраструктурата во училиштето се безбедни,учениците одговорија: 29%се согласувам, 48% делумно се согласувами 23% не се согласувам. | -Интервју со домаќин на училиштето (Испратница)<br><br>-Распоред на дежурни наставници и технички персонал поставен на огласна табла и на видни места во ходници<br><br>-Дописи пристигнати на училишен mail |

| | | |
|---|---|---|
| | На прашањето:Вработените се ангажирани околу однесувањето и безбедноста на нашите деца (учениците) при нивното доаѓање, за време на одморите и при нивното заминување од училиште. Родителите на учениците одговорија: 63%се согласувам, 26% делумно се согласувам и 11% не се согласувам. Наставниците одговорија:89% се согласуваат, 11% деумно се согласуваат и 0% не се согласуваат.<br>На прашањето: Постои обучен наставен кадар за давање на прва помош при несреќни случаи во училиштето. Наставниците одговорија: 51% се согласувам, 45 % делумно се согласувам и 4 %не се согласувам. | -Резултати од реализирана анкета |
| Превенција од насилство | Училиштето има изготвено училишна политика и обучен тим на наставници од проектот за превенција од насилно однесување во училиштата.<br>Согласно правилникот за изрекување на педагошки мерки во училиштето се санкционира секаков вид на насилство.<br>Училиштето има пишани процедури за регистрирање и отстранување на појава на негативно дејствување.<br>Советодавна работа со учениците кои манифестираат различни облици на неприлагодено однесување, организира и реализира психологот според својата годишна програма. За педагошките мерки и постоењето и помошта од психолошко-педагошка служба учениците се информираат уште во почетокот на учебната година од одделенскиот раководител на одделенскиот час и родителите на родителска средба. За решавање на различни проблеми кај децата, училишната служба и одделенските раководители разговара и со родителите на децата кои покажуваат облици на неприлагодено однесување.<br>Покрај секојдневните активности за превенција и справување со насилство во училиштето на часовите на одделенската заедница се организираат работилници на кои учениците стекнуваат вештини за препознавање и справување со различни видови на насилство.<br>Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Активностите за заштита и безбедност на учениците ги координира со институциите во локалната заедница. Жртвите, родителите на жртвите или сведоците на насилство се запознаени со своите права и процедурите за поднесување поплаки, а во случај на поплака, училиштето постапува навремено и непристрасно. | -Училишна политика на ненасилство<br>-Тим за превенција од насилство<br>-Проект „Безбедни училишта“<br>-Советување на родители и ученици<br>-Соработка со локална самоуправа, СВР Куманово<br>-Правилник за изрекување педагошки мерки и наградување на ученици<br>-Записници од Советување на родители и ученици<br>-Записници од индивидуални средби со родители<br>-Педагошка евиденција и документација |

| | | |
|---|---|---|
| | Училиштето активно учествува во проектот „Безбедно училиште",каде што се вклучени и дел од учениците кои на месечно ниво пријавуваат доколку во нивното одделение забележат несоодветно однесување помеѓу учениците или на релација,наставник-ученик, како и доколку забележат конзумирање на алкохол, цигари, дрога од страна на своите соученици.<br>*Анкета*:<br>На прашањето:Треба да се превземат построги педагошки мерки за учениците кои ја нарушуваат атмосферата во училиштето. Учениците одговорија: 70% се согласувам, 19% делумно се согласувам и 11% не се согласувам<br>На прашањето:Во училиштето се чувствувам заштитено од учениците кои покажуваат насилничко однесување. Учениците одговорија: 32% се согласувам, 30% делумно се согласувам и 38% не се согласувам | -Резултати од реализирана анкета |
| Заштита од пушење, алкохол и дрога | Со куќниот ред на училиштето се забранува пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање дрога во училиштето и училишниот двор.<br>Училиштето има пишани процедури за регистрирање појава на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив.<br>Психолошка служба организира работилници со ученици а и преку програмата за животни вештини на класни часови се поттикннува свесноста кај учениците за штетноста на овие супстанци. Исто така тим од ученици, наставници и стручни соработници учествуваат во проектот „Безбедно училиште" во рамки на кој се организираат меѓу друго и работилници и предавања за заштита на учениците од пушење , алкохол и дрога од страна на СВР Куманово.<br>Инаку на вратата и внатре во објектот постојат ознаки за забрането пушење.<br>Училиштето реализира активности за стекнување и проширување на знаењата и образованието за половите и меѓучовековите односи, превенција и заштита од пороци.<br>*Анкета*<br>На тврдењето: Училиштето води грижа за заштита на ученици од наркотици, алкохол и други опојни средства: 55% од учениците се согласуваат, 14% делумно се согласуваат, а 31% не се согласуваат. | -Куќен ред на училиштето<br>-Програма за подрачјето Грижа за здравје<br>-Програма на психолог<br>-Програма на животни вештини<br>-Педагошка евиденција и документација<br>-Извештаи од реализирани работилници<br>-Годишен извештај за имплементација на програмскиот проект „Безбедни училишта"<br><br>-Ознаки<br><br>-Извештај од реализирана анкета за ученици |
| Квалитет на достапна храна | Сериозно се наметнува проблемот за примена на здравата и квалитетна храна во училиштата, како императив на светските текови за здрава исхрана. Секако дека во иднина е потребно да се вложат напори за | - Записници од Совет на родители |

| | | |
|---|---|---|
| | подобрување на хигиената, квалитетот на храната во училиштето, како и начинот на дистрибуирање и амбалажа. Во тој контекст, многу е битна едукацијата на учениците во врска со начинот на исхрана и употребатана здрава храна.<br>Во близина на училиштето се наоѓаат продавници, киосци и сендвичари каде учениците се снабдуваат со тостови и други грицки кои што покрај тоа што се нездрави, училиштето нема увид во нивниот квалитет. Учениците често доцнат на часовите по голем одмор поради гужвите што се прават пред самите киосци и сендвичари.<br>Во соработка со локалната заедница и со општината потребно е да се воспостават процедури со кои се обезбедува проверка на квалитетот на храната што им се нуди на учениците во продавниците за храна во неговата непосредна околина.<br>Во училиштето се прават работилници за здрава исхрана, за значењето на здрава исхрана, за здравјето, во соработка со установите во локална заедница.<br>Училиштето организира предавање за учениците, флаери и друг материјал, активности од еко проектот и програма за животни вештини.<br>*Анкета*<br>Натврдењето: Училиштето ги поттикнува учениците да се грижат за своето здравје преку предавања, работилници и кампањи за здрава храна и здрав живот на младите.<br>Наставниците одговорија:79% се согласуваат, 21% деумно се согласуваат, а 0% не се согласуваат.<br>Учениците одговорија: 40% се согласуваат, 32% делумно се согласуваат, а 28% не се согласуваат.<br>Родителите одговорија: 52% се согласуваат, 30% делумно се согласуваат, а 18% не се согласуваат. | - Извештаи од реализирани активности од проекти<br>- Планирања на програма за животни вештини<br>- Извештаи од реализирани активности од ОЖВ<br>-Педагошка евиденција и документација<br><br>-Извештај од анкети за наставници, ученици и родители |
| Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот | Пристапот во училиштето е прилагоден на потребите на учениците со телесни пречки во развојот и се изградени помошни рампи на сите влезови од училиштето. Внатрешните скали не се прилагодени за потребите на оваа категорија ученици во сите објекти на училиштето. Во Централната зграда поставен е лифт и жолти ленти-насока за движење, со што е овозможен полесен  пристапот за овие ученици.<br>Училиштето соработува со родителите на  учениците со телесни пречки во развој, и развива механизми за вклучување на соучениците во давање на помош на овие ученици. | -Инклузивен тим<br>-Програма за инклузирани ученици<br>-Проектни активности |

| | | |
|---|---|---|
| | Во училиштето се направени тоалети што се достапни за учениците со телесни пречки во развој.<br>Во училиштето има Паралелки за ученици со посебни потреби кои од 2023 година се пререгистрирани во Ресурсен центар.<br>*Анкета*<br>На прашањето: Условите и опремата во училиштето се прилагодени на деца со пречки во развој.<br>Родителите одговорија:63% се согласуваат, 26% делумно се согласуваат, 11% не се согласуваат.<br>Наставниците одговорија:62% се согласуваат, 36% деумно се согласуваат, а 2% не се согласуваат. | -Извештај од анкети за наставници и родители |
| Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Посебно внимание во училиштето се посветува на учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства. Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во воннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства (на пример: екскурзии, приредби,натпревари, следење на on-line настава).<br>Во училиштето се организираат собирни акции на книги, облека и ученички прибор. Се партиципира трошокот за екскурзија и други вонанставни активности на оваа категорија на ученици а при тоа училиштето во соработка со Општина Куманово и бизнис сектор додели таблети и лап-топ на оваа категорија ученици за непречено следење на настава. Училиштето редовно соработува со локалната заедница, бизнис секторот и со родителите за навремено пружање помош на оваа категорија на ученици.<br>Во училиштето се работи на проектот Образовен додадок и детски додаток финансиран од МТСП каде што редовните ученици од ромска националност добиваат паричен надоместок.<br>Во училиштето има образовни медијатори кои работат со ученици од ромска националност и со потешкотии во учење распоредени од Општина, МОН и невладини организации.<br>Преку проектот Акција за вклучување на ромите во образование „Редовно на часови“, учениците од II и III одделение земаат стипендии. Проектот е подржан од „Чекор по чекор“.<br>Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“ заедно со своите партнери Здружението за промоција и развој на инклузивно општество „Инклузива“ и Здружението за давање услуги на лицата со | -Барања за донации до одредени ЈП<br>-Тендерска документација за прибираење понуди за екскурзии и организирана исхрана во однос на барања за гратис за екскурзија<br>-Организирани собирни акции, настани, други интерни активности<br>-Допис од МТСП<br>-Извештаи од редовност на учениците<br>-Извештаи од реализирани часови<br>-Договор за соработка |

| | | |
|---|---|---|
| | попреченост „Хендимак“ го реализира проектот „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“. Проектот се реализира во соработка со Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието, а финансиски е поддржан од Европската Унија. Во учебна 2020/2021 година, се доделени стипендии на деца со попреченост кои во учебната 2020/2021 се запишани во I одделение. Проектот продолжи во учебната 2021/2022 година за истите ученици кои се II одделение и во учебната 2022/2023 година за ученици кои сега се III одделение.Целта на овие стипендии е да се пружи поддршка на семејствата на децата со попреченост во надминување на трошоците поврзани со нивното школување, училишни материјали, специјализирана опрема, воннаставни активности, асистенти за помош/едукација, трошоци за терапија, транспортни трошоци или други слични специфични потреби, а воедно да се поддржи одлуката за проактивно и засилено запишување на ученици со попреченост во редовните училишта.<br>Во учебната 2021/2022 година беа донирани инклузивно игралиште и училишна библиотека во објектот во Соколана. | |
| Хигиена и заштита од болести<br>Спроведување на точките на акција кои се однесуваат на здравјето согласно воспоставените еко-стандарди | **Здравје**<br>Хигиена во училиштето е на задоволително ниво.Тоалетите за наставниците и учениците се чистат и дезинфицираат неколку пати во текот на денот, но хигиената на училишните тоалети не е задоволителна во сите објекти. Ходниците се бришат по секој одмор, пред и по секоја смена. Училниците се чистат по и пред секоја смена, подовите и клупите се дезинфицираат еднаш неделно.<br>Дворот во училиштето се одржува чисто и кај некои објекти е ограден. Сите дворни површини се озеленети и хортикултурно уредени.<br>Во дворот на училиштето и во секоја училница и ходниците има корпи за отпадоци, во корпите редовно се врши замена на најлонските кеси.<br>Училиштето има програма за здравствена заштита која е дел од Годишната програма на училиштето, како и програма за заштита од заразни болести кои се спроведуваат од страна на вработените во училиштето, како и од доктори и други здравствени работници по пат на предавања, дебати и делење на флаери, како и во рамките на еко проектот на точките на акција кои се однесуваат на здравјето и во склад со еко календарот со одбележување на светски ден на здравјето пропишан од СЗО.<br>Преку Еко-тим и Тим за хигиена во паралелките, учениците водат грижа за одржување на чисти и уредни училници, добро проветрени и дезинфицирани. | - Интервју со хигиеничари<br>- Изработка на едукативни постери и паноа според планираните активности за промоција на начинот за здрав живот на учениците и чиста еко-средина.<br>- Евиденција за соработка на училиштето со ЦЈЗ<br>-Годишна програма за работа на училиштето<br>-Програма за грижа за здравјето на учениците<br>-Фактури<br>-Записници<br>-Извештаи<br>-Педагошка евиденција и документација<br>-Превенција од епидемии |

| | | |
|---|---|---|
| | Во тек на летниот период се врши кречење на училниците и ходниците, дезинфекција, дезинсекција и дератизација пред почетокот на секоја учебна година од стручни лица на ХЕС, и санација на стаклата и училишниот мебел од страна на хаус мајсторот на училиштето.<br>При појава на заразни заболувања (епидемија) училиштето донесува укажување до родителите и наставниците за посебен режим на однесување како во училиштето, така и дома во контекст на симптомите, пренесувањето на болеста, превентивата и во однос на посетата на наставата. Стручната служба во ваков случај секој ден ги посетува одделенијата за проверка на евентуално болни и отсутни поради болест и поднесување на извештај до Државниот санитарен инспекторат и ЦЈЗ.<br>Училиштето издвојува парични средства за набавка на средства за чистење, дезинфекција и лична хигиена.<br>Според Годишна програма на училиштето, на учениците им се извршуваат систематски, стоматолошки прегледи и редовна вакцинација.<br>*Анкета*<br>На тврдењето: Училиштето се грижи за хигиена и заштита од болести на моето дете.<br>Родителите одговорија:33% се согласуваат, 39% делумно се согласуваат, а 28% не се согласуваат.<br>На тврдењето: Задоволен сум од одржување на хигиената во училишните тоалети.<br>Учениците одговорија: 10% се согласуваат, 11% делумно се согласуваат, 79% не се согласуваат.<br>На тврдењето: Задоволен/на сум од хигиената во училиштето.<br>Наставниците одговорија:36% се согласуваат, 58% делумно се согласуваат, 6% не се согласуваат | -Евиденција на систематски прегледи, стоматолошки прегледи и вакцинација<br>-Програма за здравствена заштита<br>-Педагошка евиденција и документација<br><br>-Извештај од анкети за наставници, ученици и родители |
| Грижа за учениците со здравствени проблеми | Училиштето има усвоена процедура за грижа за учениците кои поради некое акутно или хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава за кои се води уредна евиденција, во соработка со родителите и здравствените установи.<br>За учениците кои подолго отсуствуваат од настава, училиштето води соодветна грижа преку организирање на дополнителна настава, работа со учениците за надополнување на изгубените наставни содржини, им помага во секојдневните активности и движење (ако има потреба од тоа), соработува со соодветни медицински и социјални установи.<br>Одделенските раководители водат досие за ученикот и го следат заедно со родителите и останатите вработени во училиштето. | -Евиденција на ученици со хронични заболувања, здравствени проблеми<br>-Дневници во делот на изостаноци<br>-Процедура за оправдување на изостаноци од лекар и родител<br>-Процедура за грижа за учениците кои поради |

| | | |
|---|---|---|
| | | некое акутно или хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава |
| Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување | **Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**<br>Во училиштето е подготвена програма за професионална ориентација на учениците. Согласно програмата, стручната служба во училиштето ги информира наставниците и учениците за можностите на учениците за понатамошно образование и доусовршување. За подетално информирање средните стручни училишта, заедно со своите училишни тимови вршат презентација за постоечки смерови во нивните училишта.Сите субјекти во училиштето се свесни за важноста на одлуката на учениците, па затоа заеднички соработуваат и се надополнуваат.Класните раководители и предметните наставници на дополнителни часови и проектни активности, ги запознаваат учениците со можните професии, постоечки средни училишта и смерови со кои располагаат училиштата.<br>Редовносе одджуваат работилници од страна на стручната служба со целосно согледување на ученичките интереси и способности. Се изготвуваат прашалници за учениците од девето одделение за нивната професионална ориентација. Ги информираат учениците дека секое средно училиште објавува конкурс за запишување, во кој децидно се наведени критериумите за упис, споредкои учениците можат да конкурираат, зависно од можностите за запишување, во одредено средно училиште.<br>После обработените податоци од прашалникот наставниците ги информираат учениците за резултатите од прашалникот, од кои се утврдуваат професионалните интереси и способности на учениците.<br>Со учениците се водат индивидуални разговори за изразените интереси и можности за нивниот избор на занимањето/институцијата за понатамошното образование и доусовршување.<br>Стручната служба заедно со наставниците подготвува трибини, дебати и работилници на кои се повикуваат родителитете и учениците. Им се презентира изработена листа за склоности и интереси, како и особини на личноста, поврзани со секоја струка. | -Програма за професионална ориентација;<br>-Програма на психолог;<br>-Програма на социолог;<br>-Програми за одделенски час на класни раководители;<br>-Програма на ученичка заедница;<br>-Прашалник;<br>-Трибини,дебати, работилници;<br>-Отворени денови;<br>-Посета на средни училишта;<br>-Презентации;<br>-Посета на Високо образовни институции;<br>-Евиденција на средни училишта кои го посетиле училиштето;<br>-Пропаганден материјал-брошури, постери, понуди за стипендии и натпревари од приватни средни училишта;<br>-Служба за професионална ориентација при Агенција за вработување; |

| | | |
|---|---|---|
| | При тоа се дава акцент и им се се укажува за важноста на давање помош на нивните деца при избор на занимањето и понатамошно образование. Училиштето и стручната служба им нудат помош на родителите која можат да ја добијат во секој момент од секој вработен.<br>Уште во месец мај, учениците навремено се запознаваат со конкурсите за упис во средните училишта, се организира посета со физичко присуство и on-line и се овозможува презентација на средни училишта во училиштето но и во самите средни училишта. Информациите кои ги добиваат учениците се јасни, прецизни, релевантни и актуелни (информации од средните училишта). Учениците добиваат информативен материјал-книги, брошури, флаери, ПП презентации.<br>Се обезбедува адекватна и стручна помош од страна на стручната служба и наставниците кои постојано го следат напредокот на учениците и и мпомагаат доколку е потребно и на родителите и на учениците при вистинскиот избор на идното занимање на учениците.<br>Учениците имаат можност и поддршка од училиштето да учествуваат на отворените денови кои ги организираат средните училишта за нивниот избор на идната професија.<br>Сите вклучени субјекти во професионалната ориентација на учениците како: одделенските раководители, предметните наставници, стручнатаслужба, заеднички работат и постојано соработуваат.<br>На тврдењето: Училиштето му помага на моето дете во изборот на неговото понатамошно образование.<br>Родителите одговорија: 61% се согласуваат, 24% делумно се согласуваат, 15% не се согласуваат | -Усни одговори од учениците добиени на одделенски часови;<br><br>-Извештај од анкета |
| Грижа за учениците со емоционални потешкотии | Во нашето училиште имаме ученици кои се соочуваат со емоционални потешкотии.<br>Основни карактеристики кај децата со емоционални проблеми се:<br>• Проблеми со концентрација и внимание за време на наставата;<br>• Намалени капацитети за учење;<br>• Отсуство на организиран мисловен процес;<br>• Загриженост за членови од семејството;<br>• Склони се на психосоматски поплаки (стомачни болки, главоболки и др.);<br>• Губење на порано стекнати вештини;<br>• Деструктивно однесување;<br>• Нарушен сон; | -Програма за подрачје;<br>-Програма за грижа на здравје;<br>-Програма на стручна служба-психолог;<br>-Интервентни планови за поддршка на деца со емоционални потешкотии;<br>-Центар за социјална работа;<br>-Логопед;<br>-Дефектолог;<br>-Социолог; |

| | | |
|---|---|---|
| | • Некооперативност;<br>• Лоша слика за себе;<br>• Намалено самопочитување;<br>• Чувство на различност од другите;<br>• Песимизам кон сегашноста и иднината;<br>Тие потешкотии се манифестираат како:<br>1. Нарушен психофизички развој кај учениците:<br>- Специфично развојно нарушување на училишните вештини;<br>- Специфично развојно нарушување на моторните функции;<br>- Деца со интелектуална попреченост;<br>- Попреченост во развој наговорот и јазикот;<br>- Деца со слабовидност и оштетен вид;<br>2. Емоционални потешкотии и нарушено поведение:<br>- ADHD;<br>- Тикови;<br>- Стравови;<br>- Агресивност;<br>- Пречки во комуникација и социјализација;<br>- Несреќни деца;<br>- Тажни деца;<br>- Повлечени деца;<br>За ученици кои се идентификувани како ученици кои имаат емоционални потешкотии во однесување, прилагодување во училишна средина или други потешкотии кои се рефлектираат на нивно емоционално и ментално здравје се развиваат интервентни програми според потребите на секое дете поединечно.<br>Содржините се прилагодени на возраста, интелектуалниот и емоционалниот статус на учениците.<br>На овие програми работи инклунзивен тим и одделенскиот наставник, другите наставници, логопед, дефектолог, социолог, психолог, педагог, родителите и соодветни институции.<br>Во случај на непосакувани реакции од учениците училиштето има пропишани процедури во интерниот документ на училиштето Кодекс на однесување.<br>Програмата трае се додека не се забележат позитивни ефекти кај детето. | -Наставници;<br>-Здравствени институции;<br>-Полиција;<br>-Кодекс на однесување |

| | | |
|---|---|---|
| Кодекс на однесување | **Училишна клима и односи во училиште**<br>Во училиштето имаме донесен куќен ред на училиштето. Истиот е видно истакнат во сите училници. Учениците знаат дека сите без исклучок треба да се придржуваат кон пропишаните правила од истиот. Знаат и дека, доколку некој не се придржува на истите следат соодветни процедури кои се применуваат во случај на прекршување на принципите и правилата, пропишани со правилник.<br>Во случај на непочитување на правилата постојат изречени педагошки мерки како што се:<br>-Усна опомена;<br>-Писмена опомена;<br>-Укор;<br>-Преместување во друга паралелка;<br>-Намалување на поведение;<br>Училиштето и стручната служба водат писмена евиденција за тековните случувања. За надминување на критичните точки сите субјекти соработуваат заеднички и организираат:<br>-Разговори;<br>-Состаноци;<br>-Работилници;<br>-Дебати;<br>За вработените во училиштето има донесено кодекс на однесување.<br>Вработените мораат стриктно и децидно да ги почитуваат сите пропишани правила од истиот. | -Куќен ред на училиштето;<br>-Кодекс на однесување на учениците;<br>-Кодекс на однесување на вработените;<br>-Процедури во случај на прекршување на принципите и правилата;<br>-Закон за основно образование;<br>-Годишна програма на училиштето; |
| Училишна клима | Училишната клима, претставува создаден амбиент во кој се реализира наставниот процес, кој покрај материјално – техничките предуслови ги опфаќа и меѓусебните односи на сите директни и индиректни учесници во реализација на овој процес.<br>Во училиштето постои професионалн асоработка меѓу вработените и поттикнувачка и мотивирачка атмосфера. Раководниот и наставниот кадар и граатклучна улога во одржувањето на постојано поттикнувачката атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и еднизадруги. Сите ученици (без оглед на способностите, родот, етничката припадност, верата и потеклото) се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и оддругите ученици во училиштето.<br>Нашето училиште ги има сите карактеристики на здрава клима како што се: | -Состаноци:(одделенски совет, Наставнички совет, Стручни активи);<br>-Работилници;<br>-Дебати;<br>-Педагошка евиденција и документација;<br>-Записници на стручните служби;<br>-Екскурзии;<br><br>-Извештај од анкета |

| | | |
|---|---|---|
| | • Воспоставена уредна и пријатна средина за работа;<br>• Воспоставен систем на вредности и систем на наградување;<br>• Воспоставена атмосфера на ред и дисциплина;<br>• Воспоставена добра соработка со родителите;<br>• Воспоставен систем на развивање на позитивни ставови кај персоналот;<br>• Воспоставен систем за донесување и спроведување на одлуки;<br>• Воспоставен систем на отворени и чесни комуникации;<br>На тврдењето: Постои добра соработка со родители. Наставниците одговорија: 68% се согласуваат, 32% делумно се согласуваат, 0% не се согласуваат<br>На тврдењето: Во училиштето има добра училишна клима и соработка помеѓу вработените.<br>Наставниците одговорија:63% се согласуваат, 35% делумно се согласуваат, 2% не се согласуваат | |
| Поведение и дисциплина во училиштето | Дисциплината на учениците е задоволителна. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Во училиштето постојат дежурства од страна на наставниците и техничкиот персонал.<br>Учениците од прво-трето одделение во проширената програма имаат час за прифаќање и час за испраќање на учениците.<br>Интерниот акт за изрекување педагошки мерки целосно се почитува и спроведува при нарушување на дисциплината.<br>Секое нарушување на дисциплината се регистрира и пријавува кај одделенскиот раководител, а потоа доколку е потребно и кај стручната служба. | -Кодексот на однесување;<br>-Разговор со наставници, родители и ученици;<br>-Индивидуални средби со родители;<br>-Педагошката Евиденција за изречени Педагошки мерки;<br>-Куќенреднаучилиштето;<br>-Распоред на дежурства за наставниците и технички персонал |
| Учество на учениците во решавање на проблеми и донесување одлуки | Училиштето има демократско формирани ученички заедници во паралелки од третто до деветто одделение. Ученичката заедница учествуват во донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес на учениците. Заедницата од ученици е составена од по двајца членови од одделенската заедница на сите паралелки. Раководството на заедницата се избира по пат на демократски избори и гласање. На средбите од заедницата учениците се информираат за поважните и поактуелните работи кои ги интересираат. Заедницата работи според сопствена | -Програма за работа на училишен парламент;<br>-Записници од состаноци на училишен парламент;<br>-Извештај за работа на училишен парламент;<br>-Извештај за согледувања за безбедност; |

| | | |
|---|---|---|
| | програма за работа. Се формира на крајот од месец септември или почетокот на октомври.<br>Училиштето има формирано и ученички парламент. Парламентот го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. Претседател и заменик претседател на ученички парламент се избрани со тајно гласање од вкупниот број од претставници на претседателите на заедниците на паралелките. Парламентот работи според програма за работа.<br>Меѓу нивните спроведени активности во период од 2021-2023 година се: виртуелни посети и посети со физичко присуство на Собрание за ученици од III до IX одделение, анкета за ефикасност на on-line настава, активности и анкети од програма за Антикорупција, дискусија за контраверзни теми во училница, дискусија за највлијателните жени во светот низ историјата и изработка на презентација во Power Point, дебати за подобрување на успехот на учениците и што ги мотивира учениците да учат, истражување на тема: Конвенција за правата на децата, работилница за правата на децата, изработка на пароли, флаери и презентации, пополнување на Анкетен прашалник –Врсничко насилство како и донесување на процедура за постапување во такви ситуациии други активности.<br>Училиштето има и ученички правобранител и заменик правобранител коисе избрани со тајно гласање од учениците од VII до IX одделение. Правобранителот и неговиот заменик се членови на Училишниот одбор на училиштето.<br>Исто така свој придонес во решавање на проблеми има и училишниот тим за безбедност кој на крај на секој месец во стручната служба поднесува согледувања за изминатиот месец во однос на безбедноста во секоја паралелка | |
| Углед/имиџ на училиштето<br>Реализација на точките на акција од третиот и четвртиот еко-стандард | Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот имиџ и даваат свој придонес за угледот на училиштето како во редовна настава и вонаставни активности.<br>Училиштето е препознатливо според високо квалитетна работа и постигањата на учениците во различни области, како и според остварувањето на визијата и мисијата на училиштето.<br>Учениците и наставниците со организирање на еко акции на одржување и унапредување на училишната средина-училишните простории, холови, училишниот двор и влезот на училиштето во рамките на можностите ги чистат, оплеменуваат со цвеќиња и зимзелени садници и ги одржуваат и негуваат.<br>Ослободување од непотребни предмети во зградата – скршени клупи, | -Извештаи од реализирани акции;<br>-Фотографии;<br>-Куќен ред на училиштето;<br>-Еко програма;<br>-Конкурси за ученици и наставници;<br>-Сертификати, пофалници |

| | | |
|---|---|---|
| | саксии, табли, постери, хартија и организирање на акции за собирање на хартија и пластични шишиња, истакнување на упатства за одржување на зграда и здрава средина во училиштето во сите простории.<br>Учениците редовно учествуваат на сите манифестации и наградни конкурси, на кои за своите изработки добиваат сертификати, пофалници и награди.<br>Медиумите редовно се известуваат за настаните воучилиштето во врска со училиштето и училиштето учествува на сите настани организирани о страна на општината и државата. | |
| Промовирање на личните постигања на учениците | **Промовирање на постигањата**<br>Вработените ги поттикнуваат учениците да учествуаат на сите видови натпревари, конкурси, манифестации, приредби и слично со тоа што истите се пофалуваат и се поддржуваат. На истите постигнуваат високи резултати. Учениците со високи постигања во текот на учебната година се пофалуваат на сите оддржани Наставнички совети, пред родители, други ученици преку читање на соопштение.<br>Училиштето ги промовира личните постигања на сите ученици и надвор од рамките на училиштето. Во училиштето јавно се пофалуваат учениците на Денот на училиштето, фејсбук профилот, веб страна, огласна табла во училиштето, како и прием на ученици од страна на директорот и наставничкиот колегиум кои постигнале врвни резултати од државно ниво со што се поттикнува наставниот кадар и учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и на ционално ниво. | -Пријави за учество на конкурси,манифестации<br>-Сертификати,наградувања , дипломи и пофалници<br>-Записник од Наставнички совет<br>-Соопштение<br>-Facebook страна на училиштето<br>-Веб стран |
| Промовирање на постигањата во име на училиштето<br>Реализација на шестиот чекор од еколошката програма (Информирање и вклучување на пошироката заедница) | На Ден на училиштето учениците ги претставуваат своите постигнувања во текот на училишната година. Во текот на годината учествуваат на одбележување на месецот на книгата во Градска Библиотека, манифестации за одбележување на 11 Ноември - Ден на ослободување на Куманово, Ликовни колонии , учество на сите активности и манифестации организирани од локалната средина.<br>Исто така и учествуваат во еко акции: Денот на екологија, Македонија без отпад, „Ден без автомобили“ , „Ден на пролетта-Македонија земја на цвеќето-земја на розите“ , „5 Март-Светски ден за заштеда на енергија“ , „Светски ден на заштита на водите“, „Ден на планетата Земја“, „Светски ден на дивите животни и растенија“ и учество во разни хуманитарни акции. | -Извештај за работа на училиште<br>-Извештаи од учество на манифестации<br>-Фотографии<br>-Сертификати и дипломи<br>-Facebook страна на училиштето<br>-Веб страна |

| | | |
|---|---|---|
| Познавање на правата на децата | **Еднаквост и правичност**<br>Сите вработени ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Во правилниците на училиштето се опфатени основните начела за почитување на правата на децата, недискриминација, забрана за психичко и физичко малтретирање и сл. Учениците со детските права се запознаваат уште од најмала возраст преку дел од наставните содржини на часот на одделенската заедница од програмата на животни вештини, на часовите по граѓанско образование како и на воннаставните активности.<br>Училиштето организира работилници со родителите за да ги запознае со правата на децата.<br>Дел од наставниците учествуваат во реализација на разни проекти во кои е вклучено прашањето за правата на детето кои искуства ги имплементираат во секојдневната работа.<br><br>На тврдењето: Редовно сме информирани за своите права и должности.<br>Учениците одговорија:63% се согласуваат,23% делумно се согласуваат и14% не се согласуваат. | -Тематски процесни и дневни подготовки на наставници<br>-Програми за Животни вештини<br>-Програма за Граѓанско образование<br>-Педагошката евиденција и документацијата во однос на вклученоста на учениците во воннаставни активности<br>-Записници од состаноци на Совети на наставници<br>-Дневникот за работа на стручната служба<br>-Годишен извештај за работа на училиштето<br>-Усни одговори од учениците добиени на одделенски часови<br>-Извештај од анкета |
| Еднаков и правичен третман на сите ученици | Во учебната 2021/2022 година во училиштето има вкупно запишано 1231 ученици со вкупно 65 паралелки со хетероген состав. Од нив машки 665 а женски 566. Македонци 1066, Срби 76, Роми 67 и други 22. Од нив Македонци се машки 579 и 487 женски, Срби 40 машки и 36 женски, Роми 42 машки и 25 женски и ученици од друга националност 6 машки и 16 женски.<br>Во учебната 2022/2023 година во училиштето има вкупно запишано 1264 ученика со вкупно 65 паралелки со хетероген состав. Од нив машки 665 а женски 599. Македонци 1103, Срби 78, Роми 65 и 18 други. Од нив Македонци се 587 машки и 516 женски, Срби 34 машки и 44 женски, Роми 38 машки и 27 женски и ученици од друга националност 6 машки и 12 женски.<br>Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло | -Структурата на паралелките, табелари,годишна програма за работа и извештај од годишна програма за работа на училиште за учебна 2021/2022 година<br>-Структурата на паралелките, табелари,годишна програма за работа и извештај од годишна програма за работа на |

| | | |
|---|---|---|
| | и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите надвор од часовите.<br>Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите).<br>Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст.<br>Овие теми се обработуват преку одделенски час со планирани наставни содржини на животни вештини, часови по граѓанско образование, вонnаставни активности,работилници и проекти.<br>На тврдењето:Постои еднаков и правичен третман за сите ученици во училиштето.<br>Учениците одговорија: 40% се согласуваат, 37%делумно се согласуваат и 23% не се согласуваат | училиште за учебна 2022/2023 година<br>-Кодекс на ученици, наставници и родители<br>-Тематски-процесни и дневни подготовки на наставнициза животни вештини, граѓанско образование и вонnаставни активности<br>-Педагошката евиденција и документацијата во однос на вклученоста на учениците во вонnаставни активности<br>-Годишен извештај за работа на училиштето<br>-Усни одговори од учениците добиени на одделенски часови<br>-Извештај од анкета |
| Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот<br><br>Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот преку проектот Меѓуетничка интеграција во образованието. | Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родова, етничка, културна, верска и јазична разновидност во училиштето и во заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената, културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без оглед на која етничка група и припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. Преку работилници, часови од граѓанско образование, животни вештини, вонnаставни активности, учество во проекти го прифаќаат и промовираат мултикултурализмот.<br>На часовите на одделенска заедница секој одделенски раководител има планирани и реализирани интегрирани активности од МИО. На овие часови наставниците низ работилници, разговори и проектни активности ги запознаваат учениците за родова, етничка, културна, верска и јазична разновидност во училиштето и во заедницата. Со тоа се дава значење и позитивно вреднување на истите.<br>Сите предметни наставници во училиштето во склоп на предметот кој го предаваат планираат и реализираат МИО активности. | -Тематски процесни и дневни подготовки за животни вештини, граѓанско образование и вонnаставни активности<br>-Педагошката евиденција и документацијата во однос на вклученоста на учениците во наставни и вонnаставни активности<br>-Тематски процесни и дневни подготовки на наставниците<br>-Педагошката евиденција и документацијата |

| | | |
|---|---|---|
| | Во учебната 2021/22 година во соработка со ООУ„Бајрам Шабани“-Куманово беа реализирани активности за Меѓуетничка интеграција во образованието. Реализираните активности придонесоа за развој и унапредување на меѓуетничката интеграција и продолжување и продлабочување на соработката помеѓу двете училишта. За реализирање на активностите добиен е грант од МОН. Планирани и реализирани се три активности:спортска активност, изработка на маски по повот први април-Ден на шегата и работилница по повот 22 април –Ден на планетата земја.<br>Првата активност: Спортска активност-Игри без граници е реализирана на 24.03.2022 година на спортскиот терен во Соколана. Во реализација на активноста учествува ученици од трето одделение од двете училишта. Активноста е реализирана со мешана група на ученици. Беа вклучени вкупно 34 ученици (17 машки и 17 женски ученици) ,дваица наставници и три родители од нашето училиште.<br>Втората активност е изработка на маски по повод 1 април –Ден на шегата. Во активноста учествуваа 48 ученици (24 машки и 24 женски ученици. Беа вклучени 18 ученици од II-5 одделение и 30 ученици од III-5 одделение. Беа изработени три вида на маски и тоа гроздови, бонбони и семафори. На 1.04.2022 година учениците прошетаа низ централното градско подрачие и на гратскиот плоштат со ученици од ООУ„Бајрам Шабани“-Куманово.Во реализација на активноста учествуваа и родители на ученици од двете одделенија.<br>Третата активност беше реализирана заедно со партнер училиштето „Бајрам Шабани“на 02.06.2022 година. Работилницата по повод-Ден на планетата Земја ја реализираа наставници со ученици од петто одделение на македонски, албански и англиски јазик.<br>Во учебната 2022/23 година во соработка со ООУ „Бајрам Шабани“-Куманово беа реализирани активности за Меѓуетничка интеграција во образованието. Реализираните активности придонесоа за развој и унапредување на меѓуетничката интеграција и продолжување и продлабочување на соработката помеѓу двете училишта. Планирани и реализирани се три активности: спортски натпревар со мешани групи на ученици, работилница: Изработка на оригами и подарување на изработките и излет до Соколански парк со реализирање на игри без граници.<br>Втората активноство учебната 2022/2023 година, училиштето заедо со ООУ„Бајрам Шабани“ ја реализира на 03.03.2023 година. По повод 8-ми Марта под мото: Цвет за секоја жена беше реализиранаработилница каде | -Извештаи од реализирани МИО активности |

| | | |
|---|---|---|
| | беа изработени оригами и хамери. Изработка на оригами и хамери ја реализираа ученици од седмо одделение, наставници и стручни соработнициод двете училишта. Од ООУ„Браќа Миладиновци“ имаше еден наставник, два стручни соработника и 15 ученика.<br>На 08.03.2023 година на Гратскиот плоштад беа уредени и украсени штандови од страна на мешана група ученици и наставници од ООУ„Браќа Миладиновци“ и ООУ„Бајрам Шабани“. На штандовите беа поделени оригами и честитан празникот на македонски и албански јазик на сите жени од страна на учениците и наставниците од двете училишта.Од ООУ„Браќа Миладиновци“ на настанот присуствуваа 60 ученика од VII одделение, родители, еден наставник и два стручни соработника. | |
| | *Анализа на податоци*<br><br>Анкети за наставници<br><br>Постои обучен наставен кадар за давање на прва помош при несреќнислучаи во училиштето.<br>се согласувам 27<br>делумно се согласувам 24<br>не се согласувам 2<br> | |

Училиштето ги поттикнува учениците да се грижат за своето здравје преку предавања, работилници и кампањи заздрава храна и здрав живот на младите.

- се согласувам 42
- делумно се согласувам 11
- не се согласувам 0



Задоволен/на сум од хигиената во училиштето.

- се согласувам 19
- делумно се согласувам 31
- не се согласувам 3



Условите и опремата во училиштето се прилагодени на деца со пречкиво развој.

- се согласувам 33
- делумно се согласувам 19
- не се согласувам 1



Вработените се ангажирани околу однесувањето и безбедноста на учениците при нивното доаѓање, за време на одморите и при нивното заминување одучилиште.

| | |
|---|---|
| се согласувам | 47 |
| делумно се согласувам | 6 |
| не се согласувам | 0 |



Постои добра соработка со родители.

| | |
|---|---|
| се согласувам | 36 |
| делумно се согласувам | 17 |
| не се согласувам | 0 |



Во училиштето има добра училишна клима и соработка помеѓу вработените.

| | |
|---|---|
| се согласувам | 33 |
| делумно се согласувам | 18 |
| не се согласувам | 1 |



## Анкета за ученици

Училишниот простор и инфраструктурата во училиштето се безбедни.

| | |
|---|---|
| се согласувам | 21 |
| делумно се согласувам | 35 |
| не се согласувам | 17 |



Треба да се превземат построги педагошки мерки за учениците кои ја нарушуваат атмосферата во универзитетот!

| | |
|---|---|
| се согласувам | 51 |
| делумно се согласувам | 14 |
| не се согласувам | 8 |



Во училиштето се чувствувам заштитено од учениците кои покажуваат насилничко однесување!

| | |
|---|---|
| се согласувам | 23 |
| делумно се согласувам | 22 |
| не се согласувам | 28 |



Училиштето води грижа за заштита на ученици од наркотици,алкохол и други опојни средства.

- се согласувам 40
- делумно се согласувам 10
- не се согласувам 23



Училиштето ги поттикнува учениците да се грижат за своето здравје преку предавања, работилници и кампањи заздрава храна и здрав живот на младите.

- се согласувам 29
- делумно се согласувам 23
- не се согласувам 21



Задоволен сум од одржување на хигиената во училишните тоалети.

- се согласувам 7
- делумно се согласувам 8
- не се согласувам 57



Редовно сме информирани за своите права и должности.

| | |
|---|---|
| се согласувам | 46 |
| делумно се согласувам | 17 |
| не се согласувам | 10 |



Постои еднаков и правичен третман за сите ученици во училиштето.

| | |
|---|---|
| се согласувам | 29 |
| делумно се согласувам | 27 |
| не се согласувам | 17 |



Анкета за родители

Вработените се ангажирани околу однесувањето и безбедноста на нашите деца при нивното доаѓање, за време на одморите и при нивното заминувањеод училиште.

| | |
|---|---|
| се согласувам | 34 |
| делумно се согласувам | 14 |
| не се согласувам | 6 |



Училиштето ги поттикнува учениците да се грижат за своето здравје преку предавања, работилници и кампањи заздрава храна и здрав живот на младите.

- се согласувам 28
- делумно се согласувам 16
- не се согласувам 10



Условите и опремата во училиштето се прилагодени на децата со пречкиво развој.

- се согласувам 34
- делумно се согласувам 14
- не се согласувам 6



Училиштето се грижи за хигиена и заштита од болести на моето дете.

- се согласувам 18
- делумно се согласувам 21
- не се согласувам 15



| | | |
|---|---|---|
| | Училиштето му помага на моето дете во изборот на неговото понатамошно образование.<br> | |



## Подрачје VII Соработка со родителите и локалната средина

| *Подрачје 7* | *Индикатори за квалитет* | *Теми* |
|---|---|---|
| 7.1 | Соработка на училиштето со родителите | Известување на родителите за напредокот на учениците |
| 7.2 | Соработка со локалната заедница | Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала |
| 7.3 | Соработка со деловната заедница и со невладиниот сектор, медиумите со вклучување на претставници како активни учесници во реализација на еколошката програма(еко одбор) | Соработка на училиштето со родителите, локалната и деловната заедница, невладиниот сектор и медиумите со вклучување на нивни претставници како активни учесници во реализација на еколошката програма (еко-одбор) |

| *Теми* | *Констатации, собрани податоци* | *Извори на податоци* |
|---|---|---|
| Известување на родителите за напредокот на учениците | **Соработка на училиштето со родителите**<br>Соработката со родителите, на училиштето му овозможува да се идентификуваат проблемите и ресурсите во заедницата, отворена размена на информации, заедничко планирање, донесување одлуки за важни прашања и заедничка одговорност за преземање акции. Училиштето воспоставува ефективни механизми за комуникација и континуирано унапредување на соработката со родителите во насока на подобрување на квалитетот на наставата.<br>Во истражувањето ги добивме следниве резултати:<br><br>1. Училиштето воспоставува ефиктивни механизми за комуникација и континуирано унапредување на соработката со родителите во насока на подобрување на квалитетот на наставата<br>Графикон 1 Ефективни механизми<br><br><br>Нашето училиште организира најразновидни начини за инволвирање на родителите во училиштето преку: редовни родителски средби, индивидуални средби, приемни денови за родителите, планирани средби со родители, работилници со учениците и родителите, советодавна работа за родители и ученици , организирање на отворен ден за | -Записници од родителски, состаноци ,Совет на родители и УО, комисија за екскурзии;<br><br>-Извештаи од советување на родители;<br>- Одделенски дневници;<br><br>- Записници за одржани родителски состаноци;<br><br>- Извештај запостигнатиот успех евидентни листи;<br><br>-Приемни денови на Наставниците;<br><br>-Индивидуални средби:<br><br>-Електронски дневник;<br><br>-Списоци од описни оценки по предмети кои во одделенска настава ги предаваат предметни наставници |

родителите на идните првачиња, вклучување на родителите во проектни активности и др

Во истражувањето ги добивме следниве резултати:

2. Наставниците ги вклучуваат родителите во планирање на активности и редовно изготвуваат индивидуален календар на средби (родителски средби, приемни денови, индивидуални состаноци)

Графикон 2 Планирање активности




Поголем дел од родителите (особено на ученици од предметна настава) ги почитуваат термините на наставниците за индивидуални средби и се информираат за успехот и поведението на учениците.

Вклучување на родителите во комисии за екскурзии , како и при решавање на прашања кои се важни за училиштето (безбедност, реновирање, проекти),како и избор на членови на УО и Совет на родители и нивно вклучување во одделни сегменти од воспитно образовниот процес.

Сите информации за работата на училиштето и постигањата и активностите на учениците се достапни до сите родители кои се интересираат. Родителите за успехот на учениците се известуваат најмалку 4 пати во текот на учебната година, но тука се и индивидуалните средби со родителите за таа цел.

| | | |
|---|---|---|
| | Родителите добиваат извештај за успехот преку евидентните листи во кој се запишани постигањата на ученикот по сите предмети, за личниот развој на ученикот, за поведението и однесувањето на ученикот.<br>Сите наставници редовно водат електронски дневник и ги внесуваат сите потребни податоци. Родителите се регистрирани во е-дневник и добиваат електронски известувања за успехот на учениците.<br>Учениците за својот напредок континуирано добиваат усни и писмени информации.<br>Секој родител има можност во определен термин да разговара со наставниците во училиштето.<br>На родителите им се даваат реални информации за напредокот на учениците по класификациони периоди и тоа преку индивидуални средби, заеднички родителски средби и известување преку е-дневник. | |
| Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала | **Соработка со локалната заедница**<br>Училиштето соработува со локалната заедница- локална самоуправа- Совет на Општина Куманово, Градоначалник, Сектор за образование, БРО, ДПИ, МВР, Заедници при совет на општината, реализација на разни проекти од областа на инфраструктурата, буџетот на училиштето. Локалната заедница навремено се информира за потребите и потребната поддршка на училиштето.<br>Добиени се следниве резултати:<br><br>3. Директорот ја информира локалната заедница за потребите на училиштето и обезбедува поддршка. | -Годишен извештај на училиштето;<br><br>-Годишен план на реновирање на училиштето;<br><br>-Годишен буџет на училиштето;<br><br>-Барања поднесени до Совет на општина, Сектор за образование и Градоначалник |

| | | |
|---|---|---|
| | Графикон 3 Директор- локална заедница<br><br><br><br>Училиштето е вклучено во животот на Локалната заедница преку реализирање на наставни и вонваставни активности, организирање на посета на институции од областа на културата со што се подига културно-образовното ниво на учениците и се формираат навики за нивно користење.<br>Во нашето истражување ги добивме следниве резултати<br><br>4. Директорот учествува во планирање, реализирање и следење на активности меѓу училиштето и заедницата (посети, реализација на наставни и вонваставни активности) | -Годишна програма на училиште- учебни 2021/2022 и 2022/2023 година;<br>-Прашалник за наставници;<br><br>-Прашалник за ученици;<br>-Прашалник за родители |

Графикон 4 Планирање, реализирање, следење




Се создава интерес за следење и учество во разни културни манифестации (посета на Градска библиотека„Тане Георгиевски“, посета на Народен театар Куманово, Центар за култура „Трајко Прокопиев“, Историски музеј и Галерија на град Куманово, ЈОУДГ„Ангел Шајче“).

Соработка со спортски друштва: ДКК „Пинк Пантер“, Фудбалска академија „МИО“, Атлетски клуб „Куманово“, Федерација на училишни спортови, регионални спортски игри за деца со посебни потреби, ансамбл за народни ора и песни„Тоска“,здравствени организации ЈЗУ-Школска амбуланта. Учениците се вклучени во реализација на хуманитарни, превентивни и културни активности во организација на локалната заедница: одбележување на Ден на градот, Ден на Европа, Маскенбал (Батко Ѓорѓија), учество на ликовни колонии, литературни конкурси и др.

Училиштето соработува со дом за стари лица „Зафир Сајто“ преку организирани активности од Црвен крст.

Добиени се следниве резултати:

5.Училиштето се вклучува во организација и реализација на превентивни, хуманитарни и културни активности на локалната заедница.

Графикон 5 Активности




Интегрирање на општите цели на образованието во годишната програма на училиштето има во делот на планирање на наставната работа за часот на одделенска заедница кога се обработуваат содржини од Образование за животни вештини.

Училиштето ги прилагодува наставните планови и програми со карактеристиките на локалната средина со најголем број на содржини при одбележување и учество на манифестации при значајни датуми за локалната заедница, културно-историски настани, натпревари од областа на математика, литература, музика, спорт и проекти од разни области. Годишната програма соодветствува со наставните програми и со најголем број планирани содржини помага во личниот и општествениот развој на учениците бидејќи се предвидува тимска работа, јакнење на самодоверба, стекнување на навики и морални вредности преку одредени содржини и методи на работа.

Се дава поддршка на проектите што се јавуваат по предлог од субјектите во училиштето и од локалната заедница, а кои соодветствуваат со целите на училиштето. Тековни проекти се: ЕКО проект, „Безбедни училишта“ во соработка со МВР-Куманово, Проект„Биди Ин, биди инклузивен, Биди инклудиран и „Редовно на Часови“ преку Фондација „Чекор по чекор“, Здружение за промоција и развој на инклузивно општество „Инклузива“,

| | | |
|---|---|---|
| | Здружение за давање услуги на лицата со попреченост „Хендикеп“, ОУРЦ „Иднина“, заживување на францускиот јазик во петто одделение, Еразмус + и др.<br>Добиени се следниве резултати:<br>6.Директорот соработува со советот на родители и овозможува нивно вклучување во одделни сегменти од воспитно образовниот процес (почитување и прифаќање на различностите, меѓуетничка интеграција, јавна културна дејност)<br>Графикон 6 Директор- совет на родители<br><br><br>Реализирано е подигање на ниво на соработката со родителите преку интерни мини проекти за зајакнување на врската родител- ученик – наставник и јакнење на воспитната компонента кај учениците. Одржани се фокус групи со сите наведени учесници и постигнати се значителни резултати во меѓусебните односи помеѓу родител-ученик-наставник.<br>Исто така предвидено е вклучување на родителите во сите сегменти на работата на училиштето. | |
| | **Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор**<br>Училиштето соработува со повеќе ЈП,приватни фирми и други институции и НВО сектор: Водовод; Чистота и зеленило; Куманово паркинг„Дрекс Л Мајер“; „Алфи Техноцентар“; НВО„Мајка“-хуманитарно здружение, НВО | -Меморандуми на соработка; |

<table>
<tr>
<td></td>
<td>„ДРОМ“ за заштита и безбедност при работа. Продолжува соработката со Здружение на просветни работници, Здружение за грижа и воспитување на деца, Здружение на писатели, стручни списанија. Се организираат и мини проектни активности за поголема меѓусебна соработка на учениците од различни одделенија.<br>Добиени се следниве резултати:<br>7. Училиштето соработува со деловната заедница и со невладиниот сектор и активно ги вклучува вработените и учениците во проекти од интерес за заедницата и училиштето.<br>Графикон 7 Соработка со деловна зедница<br><br></td>
<td>-Извештаи од учество во активности;</td>
</tr>
<tr>
<td>Соработка на училиштето со родителите, локалната и деловната заедница, невладиниот сектор и медиумите со вклучување на нивни претставници како активни учесници во реализација на еколошката програма (еко-одбор)</td>
<td>Училиштето остварува соработка и се промовира преку сите видови медиуми: телевизија, радио, весници, списанија, платен оглас и креативна употреба на уметничките трудови на учениците преку организирање на изложби.<br>Медиумите:Куманово њуз, Радио Браво, јавните претпријатија Чистота и зеленило, Водовод, претставници од невладиниот сектор, родители, наставници и ученици активно се вклучени во реализација на активности според Еко календар и Еко програма на училиштето.<br>Во истражувањето ги добивме следниве резултати:<br><br>8. Директорот преку својот личен и професионален интегритет, високи етички вредности и однесување ги мотивира вработените и ја промовира</td>
<td>-Еко календар;<br><br>-Еко програма на училиштето;<br><br>-Записници и извештаи од реализирани активности;<br><br>-Фотографии, изработки изготвени од учениците;</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | својата професија и придонесува за формирање на позитивен став на јавноста кон истата.<br><br>Графикон 8 Директор – мотивира<br><br><br> | |

## 10. Заклучок

| Област 1*: Организација и реализација на наставата и учењето* | |
|---|---|
| **Индикатори за квалитет:**<br>**1.1. Реализација на наставните планови и програми**<br>**1.2. Квалитет на наставните планови и програми**<br>**1.3. Воннаставни активности**<br>**1.4. Планирање на наставниците**<br>**1.5. Наставен процес**<br>**1.6. Искуства на учениците од учењето**<br>**1.7. Задоволување на потребите на учениците**<br>**1.8. Оценувањето како дел од наставата**<br>**1.9. Сместување и просторни капацитети**<br>**1.10.Наставни средства и материјали** | |
| **Јаки страни:**<br>➢ Обучен наставен кадар за користење на современи наставни форми и методи<br>➢ Училиштето промовира еднаквост за сите ученици по пол, национален состав.<br>➢ Наставниот кадар и стручната служба систематски ги препознаваат образовните потреби и пречки во процесотна учење на секој ученик;<br>➢ Опременост со наставни средства<br>➢ Реновирани училишни објекти со што се подобрени услови за работа<br>➢ Учество на натпревари и освојување на голем број на награди | **Слаби страни:**<br>➢ Користење на училишна зграда од страна на две училишта<br>➢ Нефункционалност на училници од третиот кат на училиштето поради протекување на кров во централната училишна зграда.<br>➢ Потешкотии во реализирање на редовна, дополнителна,додатна и вонаставни активности поради ограниченост со просторни услови. |
| **Приоритети –** Организација и реализација на наставата и учењето**.**Изготвување и аплицирање на проекти за подобрување на инфраструктура на училиште а со тоа услови за реализирање на воспитно образовен процес**.** | |

## *Област 2 : Постигања на учениците*

**Индикатори за квалитет:**
**2.1 Постигања на учениците**
**2.2 Задржување/осипување на учениците**
**2.3 Повторување на учениците**
**2.4.Известување за напредокот на учениците**
**2.5 Следење на напредокот на учениците**
**2.6Промовирање на постигањата на учениците**

**Јаки страни:**

- Зголемен број на ученици во последните три години;
- Со учениците кои имаат тешкотии во учењето наставниците даваат поддшка и ја прилагодува наставната програма според нивните можности. Наставниците изработуваат ИОП за учениците инклузирани во редовна настава;
- Успехот и редовноста на учениците во рамките на училиштето се следи според сите криериуми;(пол и етничка припадност)
- Родителите редовно се информирани за постигањата на учениците;
- Создадена е стимулативна средина и еднакви можности за сите ученици од различни етникуми.
- Наставниците уредно водат педагошка евиденција за редовноста, поведението и постигнувањата на учениците;
- Транспарентност при оценувањето и соопштувањето на оценките на учениците и родителите.

**Слаби страни:**

- Идентификација и работа со талентирани ученици;
- Изнаоѓање начини за промовирање на постигањата на учениците во училиштето во локалната заедница;
- Работа со ученици со тешкотии и инклузирани ученици ;

**Приоритети** - Постигања на учениците
Организирање на обуки на наставници
за работа со инклузирани ученици и талентирани ученици.

***Област 3 – Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководиниот кадар***

Идикатори на квалитет:

**3.1. Обезбедување на потребниот наставен кадар, стручните соработници и раководниот кадар**

**3.2. Следење на развојните потреби на наставниот кадар**

**Јаки страни:**

- Навремено обезбедување на соодветен наставен кадар.
- Целокупниот наставен кадар е во согласност со нормативите за работа и Законот за основно образование.
- Целосна поддршка на наставниот кадар од страна на директорот и стручната служба во училиштето.
- Посета на голем број на семинари организирани од страна на БРО, МОН и други акредитирани здруженија по предмети.
- Навремена и редовна дисеминација на наставниот кадар.

**Слаби страни:**

- Обука_за_АДХД,дислекција,дисграфија
- Инклузија во образованието
- Совети и добри практики од користење на нови дигитални алатки
- Инклузија на ученици со посебни потреби во редовна настава
- Работа со деца со намалени интелектуални способности
- Интерактивни обуки конкретно за музичко образование како за инклузирани така и за редовни ученици__
- Обуки поврзани со децата со поп во услови на новата реорганизација на посебните паралелки , онлине настава со учениците со поп, стручни усовршувања од областа на специјалната едукација и рехабилитација и сертифицирани методи на работа со учениците со поп (Монтесори педагогија, сензорна интеграција, АБА метода и други)
- Обуки за користење на паметни , смарт табли и претходно нивно инсталирање во учлиниците.

**Приоритети** – Професионален развој на наставници,   стручните соработници и раководен кадар
Како да се надминат бариерите за образовна инклузија на децата со посебни потреби:
-повеќе обуки за онлајн настава, за ИКТ порграми
-обуки за користење на разновидни портали и конкретни алатки за онлајн настава посебно во областа на математиката

| ***Област 4 – Управување и раководење*** | |
|---|---|
| **Јаки страни:**<br>➢ Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и статутот на училиштето, работи согласно изготвена програма и деловник за работа<br>➢ Раководниот орган заедно со наставниот кадар преку изработка и аплицирање на проекти реализира инфраструктурни зафати, едукација на наставниот кадар и набавка на нагледни средства.<br>➢ Остварува: комуникации и односи со јавноста; унапредување на меѓучовечките односи; професионален и кариерен развој и обезбедување кадар; планирање, поддршка на наставата и учењето; обезбедување на квалитет,создавање на здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на учениците; раководење со финансиски и материјални ресурси.<br>➢ Целите на училиштето се во согласност со образовната политика преку инкорпорација на Законот за основно образование, Статутот на ООУ и останатите подзаконски акти кои ги носи МОН.<br>➢ Во постапките за креирање на училишната политика вклучени се: наставниот кадар, родителите, учениците, локалната средина, при што се почитуваат насоките дадени од МОН И БРО.<br>➢ Постои интерен правилник за пофалби и награди на учениците.<br>➢ Родителите и учениците се информираат за наставните планови и програми<br>➢ Содржините на наставните планови и | **Слаби страни:**<br>➢ Нефункционалност на кровот на централната зграда |

програми вклучуваат поголема ангажираност од страна на наставниците, учениците и родителите и поголема соработка со локалната средина

- Идентификување на надарени и талентирани ученици за проширување на стекнатите знаења, способности и вештини.
- Вработените активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на целите
- Училиштето ги поттикнува учениците во вклучување на различни вонаставни активности,
- Континуирано се применуваат јасни правила на однесување
- Континуирано се промовираат активности поврзани со мултиетничка интеграција и инклузивно образование
- Редовно се реализираат планирани систематски прегледи на вработените и учениците
- Навремено се планирани, донесени и реализирани протоколите за работа на училиштето со физичко присуство и он – лајн настава поради пандемијата согласно уредбите од страна на МОН

**Приоритети –** Управување и раководење.
Подобрување на инфрастуктура ,
реновирање на кров и училници.

***Област 5 – Комуникации и односи со јавноста***

Индикатори на квалитет:

**5.1Комуникации на ниво на училиште**

**5.2Комуникации на ниво на училница**

**5.3Комуникација со опкружувањето на училиштето**

**Јаки страни:**

- Комуникација помешу директор и вработени е на завидно високо ниво
- Комуникацијата помеѓу самите наставници се одвива непречено и се споделуваат сите информации.
- Комуникацијата на состаноците се одвива без проблем и навремено се пренесуваат сите потребни информации за непречено одвивање на воспитно образовниот процес.
- Наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод, взаемна почит и поддршка;
- Се превземаат голем број мерки во вид на советодавни работлиници и истражувања кои имаат за цел намалување на меѓуврсничкото насилсвто помеѓу учениците.
- Се дава редовна усна и писмена повратана информација за напредокот и постигањата и потребите за нивно подобрување
- Стручниот соработник спроведува активности при професионална ориентација
- Се врши редовна дисеминација на обуки за сите воведени новини и измени во воспитно образовниот процес ;.
- Постои вклученост на родителите во организација на предавање, трибини и работилници кои обработуваат актуелни теми
- Наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод ,взаемна почит и поддршка

**Слаби страни:**

- Да се зголеми бројот на обуки за наставниците што се однесува до спроведување на инклузивниот процес
- Зголемено ниво на меѓувсничко насилство за кое треба континуирано да се превземаат итни и неодложни мерки
- Постои делумна меѓусебна соработка за помош и поддршка при совладување на одредени наставни содржини
- Училиштето при реализација на одредени проекти има потреба да остварува соработка со граѓански здруженија и донатори
- Училиштето треба да остварува соработка со бизнис секторот,преку предавања, трибини и планирани посети

- Се дава редовна усна и писмена повратана информација за напредокот и постигањата и потребите за нивно подобрување
- Училиштето има континуирана соработка со релевантни иституции од областа на културата на ниво на општина Куманово
- Постои континуирана соработка со релевантни институции (МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ)
- Постои соработка со јавните установи во области од нивни домен

**Приоритети** – Комуникации и односи со јавноста
Организирање работилници за меѓусебно запознавање, зголемување на ниво на толеранција како и меѓусебна соработка помеѓу вработените.
Организирање на редовни состаноци за зголемено информирање за најновите задачи како обврски за непречено функционирање на самото училиште и извршување на обврските од страна на вработените.
Организирање работилници за намалување на меѓуврсничко насилство, запознавање со различностите и подигање на нивото на емпатија помеѓу учениците.
Организирање на предавања од страна на стручни соработници по на тема професионална орентација на ученици.
Организирање на донаторски акции и собирање на средства за ранливи категории ученици.
Организирање на приредби од страна на ученици со цел собирање на донации од граѓани и бизнис Заедницата.

***Област 6 – Училишна клима и култура***

Индикатори на квалитет:

**6.1 . Севкупна грижа за учениците**
**6.2 . Здравје**
**6.3 . Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**
**6.4. Училишна клима и односи во училиште**
**6.5. Промовирање на постигањата**
**6.6. Еднаквост и правичност**

**Јаки страни:**

- Еднаквост и правичност на сите ученици без разлика на полот, етничката припадност, социјалниот статус за учениците со различни способности и за учениците со посебни образовни потреби.
- Се дава поддршка и помош на ученици кои имаат проблеми и потешкотии при совладување на наставните содржини.
- Има изготвен оперативен план за заштита и спасување од пожари и елементарни непогоди.
- Во училиштето постои обучен кадар (неколку наставници) за давање на прва помош на учениците.
- Професионалната ориентација со учениците од IX одд. навремено се извршува, се разгледува и објаснува објавениот конкурс и се организираат презентации и конкурси за стипендии од средни училишта.
- Во училиштето владеат добри меѓучовечки односи
- Наставниците секојдневно водат евиденција за редовноста, поведението и постигањата на учениците во Е-дневникот и евидентните листови.
- Родителите навремено се известуваат за постигањата на своите деца.
- Редовно се организираат индивидуални средби, разговори и советувања со родителите на учениците кои покажуваат намален интерес за

**Слаби страни:**

- Потешкотии во вклопување на ученици во воспитно образовниот процес кои се враќаат во училиштето после подолг период поминато во странство.
- Недоволни финансиски средства за реализирање на воннаставни активности за промовирање на училиштето.
- Недоволни финансиски средства за реновирање на кровот во Централна Зграда.
- Подобрување на хигиената на училишни санитарни објекти.
- Веб страната на училиштето редовно да се одржува и обновува со најнови информации од училишните активности.

наставата, имаат слаби постигања и не се придржуваат до кодексот на однесување во училиштето.

- Интегрирани МИО активности во редовната настава и воннаставни активности.
- Навремено информирање и реализирање на кодекс-правата на ученикот, наставникот и родителот.
- Добра соработка на училиштето со локалната заедница и институциите од градот и пошироко.
- Промовирање на сите активности во локалната заедница.

**Приоритети –** Училишна клима и култура.Аплицирање на грантови и мини проекти за реализирање на воннаставни активности.

***Област 7 – Соработка со родителите и со локаланта средина***

Индикатори на квалитет:

**7.1 Соработка на училиштето со родителите**

**7.2 Соработка со локалната заедница**

**7.3 Соработка со деловната заедница и со невладиниот сектор, медиумите со вклучување на претставници како активни учесници во реализација на еколошката програма(еко одбор)**

**Јаки страни :**

- Училиштето има воспоставено ефективни механизми за унапредување на соработката и редовно ги информира членовите на Советот на родители, другите родители и локалната заедница за целите на наставните планови и програми што се реализираат.
- Постојат добри примери на соодветно интегрирани особености на локалната средина во планирањата од наставниците и наставните помагала.

**Слаби страни:**

- Организирање на дополнителни обуки и семинари, за примена на нови пристапи при планирањето, реализација на наставата и оценување на учениците.
- Запознавање на учениците со непроценливата вредност на чиста животна средина и секојдневна примена на еко

- Подобрена соработка со деловниот сектор.

**Приоритети** - Соработка со родителите и со локалната средина
Организирање семинари, работилници и обуки кои за цел имаат да ги запознаат наставниците со нови практики и методи за следење, оценување и вреднување на знаењето на учениците.
Со помош на нови содржини кои би се презентирале на учениците преку разни работилници да се зголеми свеста за значењето на животната средина во која живееме.